Наративите во полуавторитарни режими: случајот со Македонија



Narrativët në regjimet gjysmë-autoritare: rasti me Maqedoninë

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
BOSNA I HERCEGOVINA | MAKEDONIJA | ALBANIJA

Ц.И.Н.И.К

НАРАТИВИТЕ ВО ПОЛУАВТОРИТАРНИ РЕЖИМИ:
СЛУЧАЈОТ СО МАКЕДОНИЈА

© 2018 Центар за истражување на национализмот и културата - ЦИНИК

Издавач
Центар за истражување на национализмот и културата - ЦИНИК
Баница 24, 1000 Скопје

За издавачот
Јован Близнаковски

Уредник
Петар Тодоров

Превод од македонски на албански
Ениена Аети

Слика на корица: постер
Игор Делов

Графичко обликување и печат
Приватен принт

Тираж 300

Скопје, 2018

NARRATIVËT NË REGJIMET GJYSMË-AUTORITARE:
RASTI ME MAQEDONINË

© 2018 Qendra për hulumtim të nacionalizmit dhe kulturës (CINIK)

Botues
Qendra për hulumtim të nacionalizmit dhe kulturës – CINIK
Banica 24, 1000 Shkup

Për botuesin
Jovan Bliznakovski

Redaktor
Petar Todorov

Përkthim prej gjuhës maqedonase në gjuhën shqipe
Eniena Aeti

Dizajni i kopertinës
Igor Delov

Dizajni grafik dhe shtypja
Privaten print

Tirazhi 300

Shkup, 2018

Изданието е финансиски подржано од Фондација Хајнрих Бел - Босна и Херцеговина, Македонија, Албанија.

Botimi financiarisht është mbështetur nga Fondacioni Hajnrih Bell – Bosnjë dhe Hercegovinë, Maqedoni, Shqipëri.

HEINRICH BÖLL STIFTUNG
BOSNA I HERCEGOVINA | MAKEDONIJA | ALBANIJA

Ц.И.Н.И.К

Содржина

Предговор 11
Петар Тодоров

PACT – злоупотребена визија и застарен наратив 15
Ивана Драгшиќ

Режимот настапува: 10 години експропријација и (зло) употреба на македонскиот театар 21
Кристина Леловац

Невозможната заедница, насилството и деполитизацијата - Осврт кон неполитичниот режим на ВМРО-ДПМНЕ - 27
Славчо Димитров

Сказни за возрасни: Историските наративи и авторитарните тенденции во современа Македонија 45
Дарко Стојанов

Да се бид(н)е или не 53
Влора Речица, Миша Поповиќ

Како згасна довербата во медиумите во Македонија 65
Жанета Трајкоска, Бојан Георгиевски

Përmbajtje

Parathënie 79
Petar Todorov

RRITJE – vizion i keqpërdorur dhe narrativ i vjetëruar 83
Ivana Dragshiq

Regjimi shfaq 10 vite shpronësim dhe (keq)përdorim i teatrit maqedonas 89
Kristina Lelovac

Bashkësia e pamundshme, dhuna dhe depolitizimi - Shqyrtim kah regjimi jopolitik i VRMO-DPMNE- 95
Sllavço Dimitrov

Përralla për të rritur: Narrativët historik dhe tendencat autoritare në Maqedoninë bashkëkohore 111
Darko Stojanov

Të jesh ose jo! 119
Vlora Reçica, Misha Popovikj

Si u shua besimi ndaj mediave në Maqedoni 129
Zaneta Trajkoska, Bojan Georgievski



Наративите во полуавторитарни режими: случајот со Македонија

Предговор

Петар Тодоров

Изминатата деценија многу интелектуалци, политичари, претставници од невладиниот сектор, дури и меѓународни организации и Европската комисија го дефинираа македонското општество како „заробена држава“, „демократура“, а власта на владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ како полутоталитарен или полуавторитарен режим. Помеѓу овие дефиниции наоѓаме некои кои не одговараат на тоа што се случуваше со македонското општество во изминатата деценија. Употребата на терминот „тоталитарен“ или „полутоталитарен“ беше пресилен. Дури и некои политики, одлуки и/или настани да потсетуваат и/или водат кон тоа да размислуваме во насока на тоталитаризмот и тоталитарно општество, сепак македонското општество беше далеку од такво. Можеби најсоодветен термин е авторитарна или полуавторитарна власт, како што е насловот на овој зборник. Дефиницијата „полуавторитарни режими“ произлегува и поради содржината на текстовите од овој зборник, кои го третираат прашањето на авторитарните политики и тенденции и нивната употреба во различни сегменти од општеството, кои пак доведуваа до развој и примена на авторитарни вредности и практикување на власта. Оттука, наративите кои се развиваат и користат во општествата, во политиката, историјата, медиумите, театарот кажуваат многу за општеството, поточно за начинот на кој луѓето, политичарите, интелектуалците, уметниците и другите ја оформуваат реалноста во која живеат, творат, создаваат, во која опстојуваат. Таа реалност која се оформуваше во Република Македонија беше развој на авторитарност во сите сегменти од општеството.

Голем број на извештаи ги потврдуваа и изразуваа загриженост за растечките авторитарни тенденции и пракси во Република Македонија. Годишните извештаи на *Freedom House* укажуваа на лошите состојби со медиумската слобода, која од година во година стануваше сè полоша. Како резултат на тоа, состојбата

со медиумите во Македонија беше дефинирана како делумно слободна, чија власт развива форма на владеење слична со онаа на Виктор Орбан, Реџеп Таип Ердоган или Владимир Путин. Но, најдетален извештај, кој денеска служи како главен експертски извештај користен од домашните и меѓународните експерти и политичари кои се залагаат за демократски реформи е оној на Рејнхард Прибе кој ги покажа сите слабости на македонското општество и нарушените принципи на демократијата. Покрај разликите во дефинициите, сите се сложуваа дека македонското општество беше обележано со широко распространета политичка корупција и контрола, која доминираше врз политичкиот, економскиот, општествениот и културниот живот. Исто така, понудените дефиниции имаа за цел што е можно попрецизно да ја дефинираат власта на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ од 2006 до 2016 година.

Овие дефиниции за македонското општество може да се земат и од фактот дека во некои аспекти, општеството беше изложено на екстремно десничарски и националистички политики и проекти, и ширење на идеи и верувања кои имаа силно влијание на многу аспекти од и така слабата македонска демократија. Имено, најзагрозени беа основите на демократските вредности, почитувањето на човекови права, положбата на жените и членовите на ЛГБТИ заедницата, слободата на говорот и медиумите. Исто така, крајните десничарски, конзервативни и националистички политики имаа силно влијание и на политиките на сеќавање и културата. Со цел да се оправдаат овие политики и нивната примена, авторитарните власти и ним блиските политички групи и здруженија со поддршка на јавни личности и интелектуалци ги развиваа и промовираа авторитарните наративи. Тие наративи им помагаа на политичарите со авторитарни тенденции не само да ги легитимираат нивните политики, туку и да го легитимираат нивното политичко егзистирање, освојување и задржување на власта. Авторитарните тенденции дојдоа до израз најмногу во последните години од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, кога националистичката и ксенофобична реторика доминираше во јавниот и политички дискурс. Тоа пак доведе до создавање на поделба на „нас“ против „нив“, на сè поголема поделба помеѓу етничките Македонци и Албанците и меѓу самите етнички Македонци, што пак доведуваше и до политичка дестабилизација и нарушување на безбедноста во државата. Поради тоа македонското општество денес е исправено пред итната потреба да се справи со овие тенденции, да ги деконструира националистичките и авторитарните наративи кои ги загрозуваат основните идеи на либералната демократија. Оваа потреба доаѓа до израз уште повеќе поради тоа што политичките промени кои се случија во 2017 година не ги отстранија овие наративи и тенденции. Напротив, тие денес се сè уште силни и мошне употребувани од истите политички групи и партии кои ги развиваа изминатата деценија. Доволно е да се погледне пристапот кон Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција за решавање на спорот со името и говорот на поделби на „патриоти“ и „предавници“. „Патриотите“, задржувајќи го правото исклучиво тие да ги одредуваат и толкуваат националните интереси според нивните политички и лични потреби, ги нарекуваа „предавници“ сите оние кои го прифатија или поддржаа Договорот. Оттука, неопходно е проблемот со авторитарните наративи да биде соодветно разбран и анализиран со цел да се деконструираат и да се покажат неговите негативни влијанија и последици по развојот на македонското општество.

- - -

Идејата да се објави овој зборник произлезе од конференцијата „Наративите во полу-авторитарни режими“ која се одржа во септември 2017 година во Скопје

во организација на фондацијата Хајнрих Бел – Босна и Херцеговина, Македонија, Албанија (Heinrich Böll Stiftung). На конференцијата имаше 8 различни презентации кои третираа специфични проблеми со авторитарни тенденции во македонското општество во полето на културата, медиумите, човековите права, политиката, историјата, архитектурата и образованието. Конференцијата се реализираше само неколку месеци по настаните од 27 април, кога добро организирана група на луѓе и протестирачи водени од недемократски, националистички и шовинистички мотиви влегоа во Собранието на Република Македонија, при што голем број на политички противници на ВМРО-ДПМНЕ беа нападнати и повредени. Поради тоа настанот беше наречен и „Крвавиот четврток“. Нападот и сè што му претходеше ги покажа на дело последиците од развојот на авторитарни, националистички и ксенофобни тенденции во македонското општество и какви сериозни последици можат тие да предизвикаат.

Во овој зборник се наоѓаат пет од осумте презентации од конференцијата, плус една презентација која се однесува на состојбата со медиумите. Автори на текстовите се Дарко Стојанов, Влора Речица и Миша Поповиќ, Ивана Драгшиќ, Кристина Леловац, Славчо Димитров и Жанета Трајкоска и Бојан Георгиевски. Текстовите го третираат прашањето како власта со авторитарни тенденции се обраќа и оформува нови вредности и погледи на општеството во областите, како што се театарот, историјата, медиумите, политичкиот говор, архитектурата, човековите права и друго. Проблемите во секој од овие сегменти од општеството се адресирани и анализирани на разни дебати, форуми, конференции, во научни статии или колумни. Сепак, во повеќето случаи овие анализи се однесуваат само на еден сегмент од општеството и на авторитарните и конзервативни наративи. На пример, прашањето за абортусот или пак за авторитарните тенденции во културата. Овој зборник има за цел на едно место да ги адресира авторитарните и недемократски пристапи во повеќе сегменти од македонското општество. Овој пристап би требало да им овозможи на заинтересираните читатели и експерти да можат да прават споредби и да бараат сличности и разлики во пристапите и наративите. Текстовите од овој зборник нудат примери и аргументи за авторитарните тенденции и раст на ксенофобијата, влошување на меѓуетничките односи итн., во Република Македонија. Поради тоа, мошне е важно овие проблеми да се адресираат соодветно со цел да се деконструираат и да се спречи нивниот понатамошен развој и злоупотреба за политичка манипулација. Овој зборник цели да придонесе во дебата за авторитарните тенденции кои и покрај промената на власта сè уште опстојуваат и сè уште се користат во општествениот живот во Република Македонија.

PACT – злоупотребена визија и застарен наратив

Ивана Драгшиќ

Авторитарните, полуавторитарните режими и слични комплекси од сконцентрирана институционална и финансиска моќ, секогаш располагаат со големи наративи. Секако, потребен е голем, комплексен наратив (или комплекс од наративи), комбинација од внатрешна митологија со внатрешни и надворешни непријатели, мегаломански визии за блиската иднина и фетишизација на националниот идентитет.

Додека денес, кон крајот на 2018 година, во доказите приложени во судењето за случајот „Титаник“ слушаме како во еден момент во современата историја на Република Македонија, нејзините министерка за внатрешни работи и министер за транспорт и врски во 2013 година заговарале успорување или загрозување на стасувањето дома и гласањето на македонски државјани; се потсетуваме на нивото на окупираност кое ВМРО-ДПМНЕ го постигна во врвот на своето владеење. Ако не беа доволни нашите искуства, извештаите на Фридом Хаус, Европската комисија и други, уште во 2015 година во една од „бомбите“ слушнавме како дури и полнолетните штитеници на Домот за деца без родители „11 Октомври“, преку директорката на институцијата, биле злоупотребувани во изборните измами кои толку долго време ги одржуваа ВМРО-ДПМНЕ на власт.

Владеењето на ВМРО-ДПМНЕ имаше свои фази, и секоја од нив се одликуваше со свој наратив. Тој имаше една верзија за гласачите, друга за меѓународната заедница, додека во позадината се случувале поинакви процеси. Многу веројатно е мнозинството домашни гласачи и меѓународната заедница во големи размери да се согласуваа за младиот ветувачки технократски тим на Никола Груевски на пат да ги доврши започнатите реформи за евро-атлантска интеграција на Македонија, а веќе се покажа дека тие импресии и кај двете

страни се трансформираа во ставот дека власта (а денес и опозицијата) на ВМРО-ДПМНЕ претставува неконструктивен, дури хостилен елемент во овие процеси. Во неколку излагања на конференцијата „Наративите во полуавторитарните режими“ на 13.09.2017 г. беше детектирано дека застранувањето на тогашната Влада се случува веднаш по Самитот на НАТО во Букурешт 2008 г., а кулминира со најавата и имплементацијата на проектот „Скопје 2014“. И двата феномени се проследени со алатки на еден културен инженеринг, кој изврши неповратно влијание врз генерации граѓанки и граѓани на Македонија.

Со мобилизацијата на многу културолошки алатки, како архитектура пред сè, а дополнително и медиумите, образованието, поп културата, урбаната опрема, имињата на улици, државните ритуали, јавноста и јавната сфера – културата стана бојното поле на тогашната Влада на Република Македонија против сопствените граѓани, а особено оние непослушните, со поинаков став или повеќе информации. Несомнено голем ефект имаше мобилизацијата на повеќе гранки од македонското стопанство, па така фразата „Барем се гради“ значеше дека конечно, обрт имаат не само македонски градителски фирми, туку уметниците, угостителите, вработените во јавната администрација, а се случи и преплавување на земјата со туристи кои само сакаат да ги потрошат своите пари. Проектот беше димна завеса зад која се одвиваше секој помал видлив и невидлив наратив на партијата на власт, како и оние преку кои видовме дека станува збор за авторитарна устроеност: опресија на граѓаните, окупација на институции и процедури, газење на човекови права, прогласување на пријатели и дискурс за здрава, хетеросексуална и хомогена нација, со ултимативна цел богатење на партијата, која всушност и стана една од најбогатите политички партии во Европа.

Проектот „Скопје 2014“ беше така успешно промовиран и ткаен во ткивото на македонското општество, што тој имаше свој документарен серијал од 12 епизоди додека уште беше во изградба! Од просто видео на Youtube, до физичка реализација во просторот зад кој се случи најголемото испумпување на средства од јавните институции, најголемата урбанистичка узурпација и загрозување на безбедноста на граѓаните, најревизионистичкото читање на создавањето на македонското општество, како и најмасовните законски промени без каква било дебата и политичко застапување на избраниците, а по нарачка на тогашниот премиер и неговите најблиски бизнис соработници и членови на семејството. Додека центарот на главниот град светнуваше, осамнуваше секое утро со по некоја нова зграда, мермерен споменик, бела фасада и бронзена трафика, квалитетот на јавното здравство тонеше, жителите на десетици градови низ Македонија залудно чекаа ре/конструкции на патишта, а постоечката инфраструктура и животна средина толку се запушташе, што при поројните дождови и невремето во 2016 г. делови на градот се поплавија толку многу, што резултираше со мртви и повредени, како и со огромни штети по приватната и јавната сопственост.

Но „Скопје 2014“ не е големиот наратив на полуавторитарниот режим на ВМРО-ДПМНЕ. Тој е повеќе параван, или можеби подобро „најдобрата“ (најблескавата, највпечатливата, најпривлечната) верзија од сите понудени верзии на големиот наратив кој им овозможи да ја окупираат државата и нејзините ресурси за приватен бенефит. Поради последново, оваа верзија на наративот е како која било друга во годините на нивното владеење, а впрочем и како ситуацијата со фасадите од самиот ревизионистички проект: само однадвор тие блештат и имаат интенција да делуваат величествено, и иако цената им е висока, квалитетот и изработката им се слаби, дури и опасни, позадината на зградата е излупена,

а подрумите поплавени, додека многу од изведените тераси се импровизирани, лажни или без одвод.

Да не беа уништени сите поголеми медиумски куќи, како и нивните дигитални архиви, лесно ќе се потсетевме дека сите поголеми проекти и зафати на ВМРО-ДПМНЕ во нивното 11-годишно владеење имале сличен исход. Последен еклатантен пример е секако автопатот Кичево – Охрид, за кој последните скандалозни информации беа објавени само две недели пред пишувањето на овој текст. Иако со објавувањето на „бомбите“ можевме да заклучиме дека станува збор за прекршување на процедури, веројатно никој од нас не замислуваше до кој степен тоа било правено. Додека се зборуваше за вработување на илјадници луѓе, вијадукти и тунели, конечно скратување на патот до Охрид, развивање на локални бизниси покрај патот – тогашниот премиер на Македонија барал провизија од 25 милиони евра за склучување на тендерот, а само неколку месеци пред истекувањето на официјалниот рок за финишрање на изградбата, македонската јавност се соочи со сознанија за: грешки во проектирањето на косините, неспроведени експропријации, несоодветна состојба на терен и во документација, грешки во изведба на тунелите, како и поминување на делница од автопатот над кичевскиот резервоар за вода. Сето тоа во договор со компанија суспендирана од Светската банка, позната по тоа дека зад своите инфраструктурни проекти остава оптовареност на земјите во кои се спроведени, преку непочитување на еколошки стандарди и девастација на животната средина и газење на локалната економија и работничките права. Впрочем, во овој момент изминуваат роковите за изградба на двете делници автопати договорена помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и кинеската фирма Сино-Хидро, потенцијално преплатени и до шест пати (за тоа ќе треба да дочекаме разврска на судските случаи). За едната (Кичево-Охрид) веќе знаеме дека по три анекси на договорот и барем 100 милиони евра повеќе, новиот рок е 2021 г., додека Миладиновци-Штип, исто така преплатен, со одредени проблеми, конечно би требало да биде пуштен во употреба овој месец, октомври 2018 г.

Визијата за Охрид е правена по истата матрица: мегаломански интервенции без оглед на животната средина и културното наследство, со краен исход опомена од УНЕСКО пред бришење на Охрид од листата на светско наследство. Идејата наивно почна од трендот на надградување на кич митологии или „рекреација во културата“ со „возобновувањето“ на Климентовиот универзитет на Плаошник, но прерасна во нов детален урбанистички план на Охрид, со луксузни туристички објекти на локации со непроценливо природно богатство, автопат, железница и жичара од Охридското езеро до Галичица.

„Скопје 2014“, автопатот Кичево-Охрид, концесиите за рудниците на југоистокот на земјата, десетици покрупни јавни набавки, па и многу од компаниите и погоните, двигатели на визијата за „странските инвестиции“, која било друга поголема идеја, визија, или „чекор“ од програмата според која владееше ВМРО-ДПМНЕ може да се расчлени на неколку елементи спомнати погоре. Се работи за ветувањето за многу вработувања, изградба или поправка на околната инфраструктура како колатерален бенефит, прилив на туристи и воопшто – трошачи на пари, развој на локална економија, социјален бенефит и секако, сето тоа некако чудно искомбинирано со мачо национална гордост којашто ја гледаме и во неродените деца. Соодветно, кога ќе дојде моментот на ослободување на окупираната држава, граѓаните се соочуваат со сознанието дека станувало збор за пљачка, инструментализација, еколошка и економска девастација, општествен и културен пустош во кој има само еден победник – партијата.

Денес не можеме да кажеме дека ВМРО-ДПМНЕ е некаков победник, дури напротив. Но дефинитивно посведочивме како успешно и победоносно се послужи, или инструментализираше еден наратив, а тоа е оној за *растот*. Растот како ултимативна цел на едно општество организирано во држава. Растот каков што бил дефиниран, пресметан па дури и редефиниран пред еден век, во време на војни кои се повторувале, поинакви гео-политички односи и тежи, како и со помали закани од климатските промени. Тој наратив е толку силно вткаен во нашите општества, што ќе биде невозможно или тешко во догледно време барем малку да се доведе во прашање. Дури и во идеални услови, кога едно општество би можело да си ги пререди/подреди вредностите на нешто поинакво од *растот* каков што го знаеме, тоа би било возможно само додека не се нарушува општиот, глобален комплекс на земји, нации, наднационални институции и компании кој е воден само и само од *раст*.

Токму затоа е овој наратив лесен за мобилизирање и ставање во функција на кој било авторитарен популист со намера разграбување и личен бенефит. Големите проекти чинат многу, траат многу, ангажираат многу гранки од стопанството на едно општество и стимулирајќи го (истоштувајќи ги сите сетила) замајувањето може да трае многу долго време, доволно долго да се испумпаат огромни количества јавни средства и да се уништи и она малку институционално наследство со кое во овој случај располагаше Македонија. Наративот за *раст* секогаш „ќе работи“ кај луѓето затоа што – кој не би сакал да има поголем град, повисоки згради, побрзи коли и повеќе од сè?! Со значаен културолошки исчекор и ажурирање на социјалната интелигенција и наследеното знаење може да се случи трансформација на вредностите и да се осигураат граѓани отпорни на лажни наративи, наративи кои не му припаѓаат на ова време или барем ги продлабочуваат неговите два големи проблеми: климатските промени и размерот на социјалните нееднаквости глобално. Дополнително, политичка (само)организација базирана на собранија, соседства, помали административни единици, неформални системи на регулација и одржување, наместо централизирана држава, можат да бидат патот до осигурување граѓани отпорни на големи наративи, а особено на лажни.

Режимот наста-пува: 10 години експропријација и (зло)употреба на македонскиот театар

Кристина Леловац

Една од можните дефиниции за театарот е дека тој е место каде луѓето се сре-ќаваат да ги слават вредностите во кои веруваат, меѓусебно да се предизвикаат или поттикнат на размислување. Најголема привилегија на театарот, во однос на другите уметности, е што во него пресвртите, промените се случуваат во дадениот момент, пред нашите очи. Тоа меѓу другото придонесува пораките што се пре-несуваат преку театарот да бидат лесно разбирливи за поширока публиката.

И токму таа негова „привилегија“ отсекогаш го правела особено привлечен за структурите на моќ. Историјата со многу примери потврдува дека секоја власт, без исклучок, не може да одолее да ја контролира уметноста така што ќе ја подведе под својата идеологија и ќе ја (зло)употреби за зацврстување на соп-ствената моќ.

Освен што го контролира, репресивната власт му го узурпира на театарот централното место под рефлекторите и пред публиката. Кога е неспособна да ги исполни своите ветувања за промени и напредок, репресивната власт смислено го театрализира секојдневието до граници на паратеатарска реалност. Во сите форми на пропаганда и манипулација на репресивната власт се препознаваат театарските ефекти – митинзи и паради со драматичен протокол, инсценирани контрапротести, свеченост со кои се слават некои нови херои, предизборни собири маскирани како културни или верски настани.

Во Македонија, претставата на репресивната власт траеше повеќе од десет години, и во неа дејството се развиваше согласно Фрајтаговиот триаголник – ветувачка експозиција, застрашувачки заплет, крвава кулминација, мачна перипетија и расплет кој никако да се дорасплете. Во оваа морничава пасторала, премиерот настапуваше во главната улога на пастирот, говорејќи или почесто

читајќи текстови кои за него ги пишуваше драматургот од партискиот центар за комуникации, во кои им се спротивставуваше на политичките противници или на дежурните непријатели - на Бранко, на Грците, на Албанците, на атеистите, на немажените жени, на бездетните семејства, на хомосексуалците, на жолтите комбиња и странските служби... Тој и оние околу него беа и соодветно костимирани – со шалчиња и капи со партиски бои и амблеми, а околу сите нив се издигаше импозантната сценографија тешка повеќе од 560.000.000 евра[1] – огромни згради осветлени со лајт-шоу во панаѓурски бои, фонтани што свират и пеат, гусарски бродови, склуптури со чудни пропорции, тони гипс, стиропор, пур пена и златен автолак. Паратеатарски спектакл чија цел е катарзична реакција на публиката.

На 7-ми декември 2013 година, како прикладна прослава на празникот Свети Климент Охридски – Чудотворец, со дури три премиери на претставата „Вечната куќа“ беше отворен старо-новиот објект на Македонскиот народен театар. Истиот нè чинеше 37.755.471 евра[2]. По тој повод тогашниот Директор на театарот ќе изјави: „Од 7-ми декември ќе видиме едно ново лице на македонскиот театар и на МНТ и на она што овој талентиран народ може да го покаже со техничките можности. Сега ни се отвора можност да ги реализираме сите оние желби и соништа кои не сме можеле да ги направиме”[3], а тогашната министерка за култура ќе додаде, цитирам: „Навистина ми е драго што редовно доаѓам на пробите каде што можам да ја видам таа силна уметничка енергија која ја поседуваат актерите. Посебно ме радува што успеавме таа најсовремена аудио и визуелна опрема да биде од врвот во технологијата, нешто што многу ретко го поседуваат театрите што ќе биде за нивно успешно функционирање, создавање претстави, копродукции со други држави, покани на други театри да доаѓаат тука и сите заеднички да создаваат дела кои ќе ја отсликуваат нашата уметност, нашата моќ во уметноста и моќта во културата која ја поседуваме“.[4] Пораки за нов почеток, нов театар, театар каков што сакавме да правиме ама не можевме/не ни дозволуваа, театар за народот, за Нацијата, привидно богатство, бескомпромисна моќ... И секако, таа морничава редовност на посетите на пробите од страна на министерката. Тоа се доминантните обележја на театарот што повеќе од десет години се правеше во нашите националните установи.

Најрадиканиот пример за контролирање на уметноста од репресивна власт е т.н. процес на синхронизација и прочистување спроведен во 30-тите години на XX век во Германија од Министерство за народно просветителство и пропаганда. Процесот бил втемелен врз убедувањето дека уметностите треба да им служат исклучиво на целите на власта и со цел финално да се расчисти со што било што таа власт би можело да ја доведе во прашање, се забранува секоја форма на уметничко творештво кое отстапува од диктираната култура. Следствено, основната цел на секоја уметност е идеолошка индоктринација која ќе го леги-тимира и јакне режимот. Во Македонија немавме официјална синхронизација ама имавме строго специфицирани повици кои длабоко навлегуваа во сферата на авторството – од тендерите за продуцирање популарна музика која ќе ги задржи младите да не се иселуваат од земјата, а семејствата ќе ги поттикне да имаат и трето дете, преку инфлацијата од документарци кои ја препишуваат официјалната историја и телевизиски играни програми со комити, до најрадикалниот пример со Скопје 2014.

Ако ги погледнете темите, мотивите и идеите зад проектите на националните театари во последните десетина години, повеќе од јасна е синхронизираноста со доминантната идеологија. Еве некои од насловите поставени во институционалните театри - национални установи од 2006 до 2017 година: понуда за „сериозна“ публика „Последните Македонци“, „geNOcide 21“, „Александар“, „Јане Сандански, 100 години после“, „Јустинијан Први“, а за оние што преферираат в театар да се кикотат „Атена со пенис“, „Трудна приказна“, „Вардарски пастуви“, „Ах љубов моја – турска приказна“. Демек-историски демек-спектакли, комедии за пет гроша или праизведби на домашни автори кроени според строгите критериуми на повикот. Во тематска, а и во секоја друга смисла, таквиот театар е апсолутно нерелевантен подалеку од Табановце. Здодевна наративност. Прецваканост, упростеност до баналност на новите големи теми. Ревизија на историјата или лесна, сенародна забава. Леб и игри за плебсот.

Доминантната естетика во реновираните згради на театрите – наполнети со скапа технологија која никој внатре не знае да ја раководи, па претставува закана по безбедноста на актерите многу повеќе од што придонесува за незаборавен визуелен ефект на она во што играат, ѝ парира на нивната демек грандиозна, монументална надворешност. Сè светка, се прелева во бои, се лелеават завеси од брокатно платно, актери висат од чигите или се возат горе-долу на хидрауличните модули. Парада на богатство од фотокопирани банкноти и сребреници од алуминиум.

За таквата продукција се трошеа големи пари, а најголем дел од претставите не се одигруваа ни по пет пати, а и кога се играа тоа беше пред полупразен салон. Во смисла на професионално умеење беа толку слабо направени што од нив остана да се памети само тоа дека беа нарачани. Вкусот на публиката десет години еродираше, така што ништо поинакво не може да препознае, ниту да вреднува. Најпосетен театар за чии претстави се бараше карта повеќе, беше и остана Театарот Комедија, за кој голем дел од фелата ја делеше гордоста со тогашната власт што по речиси 30 години се основаше нова театарска институција. Фала им, не требаше.

Ние немавме официјален процес на прочистување ама имавме, што останува најголемиот предизвик во културниот сектор и воопшто, радикална поделеност на наши и нивни, на подобни и неподобни. Нашите министерки познати по своите тефтери, во фиоките криеја црни листи и точно се знаеше чиј предлог-проект може, мора и ни под разно не смее да помине. Оние кои не беа на црните листи на сет глас ѝ се заблагодаруваа на министерката што конечно им ги покачила платите, што им ставила в театар WC школки наместо чучавци, а во гримиорните климатизери и радијатори. Напредувањата во ансамблот, трансферите од театрите во внатрешноста во скопските, раководните позиции, петте режии годишно и сличните новостекнати привилегии кои воопшто не соодветствуваа на нивните професионалните знаења, умеења и достигнувања, реваншистички ги легитимираа со приказите дека од претходната власт никогаш не добиле вистинска прилика поради своите идеолошки убедувања, иако најголем дел од нив никогаш претходно не артикулирале какви било политички ставови. Настапи времето на режисерите кои режираа сенародни пречеци на кошаркарите и ракометарите, на актерките кои бараа употреба на гумени куршуми против демонстранитите и кои прогласуваа ноќ на долгите ножеви и на актерите кои повикуваа на војна за конечна пресметка со предавниците. Во неколкуте серии вработувања на конкурсите со сомнителни критериуми, во театрите влегоа десетици млади режисери и актери со кои лесно можеше да се манипулира зашто беа убедени дека работното место им е подарено, а не заслужено со образованието што го завршиле на грбот на тенкиот семеен буџет. Сè беше

1 http://prizma.birn.eu.com/мк/стории/скопје-2014-под-лупа

2 http://skopje2014.prizma.birn.eu.com/obj.aspx?id=58

3 http://www.kultura.gov.mk/index.php/odnosi-so-javnost/soopstenija/1203-so-tri-premieri-na-vecnata-kuka-pocnuva-sezonata-vo-noviot-objekt-na-mnt

4 http://www.kultura.gov.mk/index.php/odnosi-so-javnost/soopstenija/1203-so-tri-premieri-na-vecnata-kuka-pocnuva-sezonata-vo-noviot-objekt-na-mnt

спремно за монументалите приредби, во кои настапува целиот ансамбл, во кои се пука и пее и во кои Македонија, која од век и веков и за навек им припаѓа на Македонците, секогаш одново се раѓа како феникс.

На црната листа останаа колегите на спомнативе погоре, чијашто единствена вина беше што всушност знаеа да прават театар подобро од нив. Од време на време, Министерството кокетирајќи со транспарентноста на конкурсите, на кои и онака секогаш однапред се знаеше кој и за што ќе добие средства од државната каса, ќе изненадеше со доделување проект некому од црната листа – или во помалите театри каде што тоа што можат да го сработат нема да го видат многу луѓе, или во поголемите каде што поради репертоарот во кој доминира шунд и лесна забава, актерите заборавиле да играат предадено и вистински, не-дај-боже нешто што може да има „проблематична“ политичка конотација, а публиката не конзумира нешто што всушност има подлабоко значење. Власта во колаборација со фелата разорена однатре, успешно расчисти со интелектуалштината и сцената целосно се ослободи за театар каков што мисли, прави, гледа и сака Мали Ѓокица.

Десет години преку институционалниот театар режимот ја втемелуваше својата интерпретација на историјата, сегашноста и иднината како единствена точна и прифатлива, ја легитимираше својата тврдокорна и неморална политика, воскреснуваше патријархали митови, контаминираше со лажно пуританство и псевдотрадиција, шуплива монументалност и божемна грандиозност.

Историјата покажала дека во слични политички ситуации, театарот има средства да промовира алтернативни ставови, па дури и да биде своевидна опозиција на репресивната власт. За жал, нашите институционални театри го поддржуваа ова злосторство и учествуваа во колективната индоктринација и закрвување. Во десет години се потрошија можеби најмногу пари за театар од осамостојувањето до сега, а вистински, релевантен театар речиси и не се направи. Останаа прескапите згради кои се поплавуваат при секој посилен дожд, во кои нема штекери во гримиорните, а во тоалетите има огромни прозорци во висина на барокно накитените WC школки. Останаа стотици актери, режисери, драматурзи, сценографи, гардеробери, сценски работници на кои им поминаа значајни години од професионалниот живот, безволни или премногу закрвени меѓу себе за да почнат одново. Останавме сите ние да се надеваме дека по нас ќе дојдат некои нови, подобри, кои веруваат во ослободувачкиот дух на театарот, во тоа дека тој е место каде луѓето се среќаваат да ги предизвикаат и да им се спротивстават на лажните, еднаш засекогаш дадени, единствени вистини.

Невозможната заедница, насилството и деполитизацијата - Осврт кон непо-литичниот режим на ВМРО-ДПМНЕ -

Славчо Димитров

Во текот на изминативе неколку години навикнавме да ја потврдуваме тезата, тезата на здравиот разум и минималниот консензус на мислењата на општата и критичката јавност, дека она што го обележа владеењето на ВМРО-ДПМНЕ е речиси апсолутниот продор на моќта во целокупното живеење и сите сфери на дејствување на граѓаните на нашата заедница. Во духот на авторитарните режими, велиме, она што ВМРО-ДПМНЕ му го направи на ова општество е неговата целокупна политизација, потчинување и преклопување на извршната власт/партијата/лидерот-егократ, не само на/со останатите власти и демократски контролни механизми, туку и со оние домени на човечка продукција, размена, создавање, знаење, идентификација, социјализација и градење на релации, за кои претпоставуваме, како демократски императив, дека мора да останат надвор од дофатот и контролата на политиката и политичката моќ.

Но под оваа, веќе, неоспорна вистина лежи парадоксот на авторитарната политизација на целокупното општество. Овој парадокс, би сакал да аргументирам, се состои во **радикалната деполитизација** што лежи во коренот на „политичката" логика на ВМРО-вскиот режим. Она што се разоткрива зад мегаломанската и насилна желба за означување, идентификување, дефинирање, организирање, ограничување и контрола на целокупноста на она што го нарекуваме „заедничко" од страна на политичката моќ, е всушност длабокиот презир за *политичкото*, презир видлив во анксиозноста пред демократското „исчезнување на начелата на сигурност/извесност" (Лефорт) и испразнувањето/десупстанцијализацијата на местото на моќта; во паранојата од непредвидливоста, несомерливоста и другоста на блиските, сограѓаните, луѓето со кои го делиме живеењето во заедницата; во стравот од плуралноста и мноштвото како егзистенцијален услов на нашето човечко постоење и политичко дејствување; во насилната и самоубиствена

имунизација на претпоставената симболичка и идентитетска чистота преку дехуманизацијата, делегитимацијата и девалвирањето на гласот на политичките противници и алтернативните и антагонистички напори за реконфигурација на заедничкото и симболичкиот поредок.

Концептот на *политичкото* (*the political, le politique*), преку кој се обидувам да ја преобмислам деполитизирачката логика на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ во Македонија, го подразбира воспоставувачкот момент на општеството, како акт и незавршлив и ограничен процес со кој се компензира, преговара и артикулира бестемелен темел на општеството. Политичкото, одовде, го означува додатокот за бестемелната поставеност на општеството, кој како таков се повлекува во самиот момент на втемелување на општеството и заедничкиот живот. Моментот на втемелувањето, на темелот, на актуализација и конкретизација на темелот, начелата, принципот и разграничувањата преку кои се воспоставува заедничкото живеење во политичка заедница и едно општество, односно политичкото како такво, не е никогаш возможно да коинцидира, да се поклопи и идентификува со политиката, односно седиментираните, нормирани, постојни и актуелни форми на идентификација на заедницата и препознатливите форми на живот, од една страна, и местото на моќта преку кое се организираат истите, од друга страна. Логиката на политичкото, одовде, ја изложува секоја претстава за заедницата и секоја политичка операција, односно самото место на моќ на постојан неуспех и невозможност за исполнување на сопствените ветувања и утврдувањете на proprium-от (она што е претпоставено како сопствено, својствено, соодветно за животот на една заедница). Ваквата постосновоположничка (post-foundationalist) политичка филозофија се спротиставува на секоја основоположничка политика која стреми да воспостави, утврди и фиксира принцип, начело, извор, темел, супстанција, судбина или суштина на политичкиот поредок и заедницата и нејзините членови што би бил имун на ревизија, предизвикување и отпор, како темел за кој се претпоставува дека е надвор од диференцијациите, судирите, антагонизмите, размените, комуникацијата, различните форми на живот, желби, и изложеност помеѓу сингуларностите во општеството, заедницата, политиката, или од самата историчност на историјата.

> „Она за што станува збор во постосновоположничката мисла е статусот препишан на основите и темелите, при што примордијалното (онтолошкото) отсуство на ултимативен темел е самото услов за можноста на темелите актуализирани во сегашноста – односно во нивната објективна и емпириска ‚егзистенција' како онтички битија. Со други зборови: плурализацијата на темелите и идентитетите во рамки на општественото поле е резултат на радикалната невозможност, радикалниот јаз помеѓу онтичкото и онтолошкото, која мора да биде изнесена на виделина како би можела да се разбире плуралноста во онтичката реалност".[1]

Во оваа смисла, еден од најзначајните современи мислители на политичкото, демократијата и тоталитарната логика, Клод Лефорт, аргументира дека политичкото е воспоставувачки и основачки момент на заедницата. Внесувајќи го во аналитичкиот дискурс концептот на политичкото, Лефорт ја отвора кон континуиран предизвик симболичката и основачка моќ која ја институира заедницата како себепрепознатлив ентитет, како и симболичките регистри преку кои имаме пристап до и разбирање на споделениот свет. Имено, политичкото во оваа рамка го означува специфичниот начин на артикулација на различните димензии на општеството и општата схема преку која се оркестрираат и стануваат разбирливи различните односи помеѓу групите, класите и индивидуите во заедницата. Радикално демократскиот и постосновоположнички потенцијал на политичкото кај Лефорт се разоткрива во тоа што симболичката институција на заедницата, како местото на моќта, е празно место, а со тоа станува невозможно целосното коинцидирање и затворање на симболичкото и реалното, односно помеѓу истите постои неизбежна поделба и јаз. Како што тврди Лефорт, „референирањето на празно место имплицира референирање на општество без позитивна одредба (...) Ова го повлекува и институционализирањето на конфликтот и квази-разградувањето на општествените релации во самиот момент кога се манифестира волјата на народот (...) Моќта е чисто симболичен агенс (agency) и идеја дека општеството нема супстанцијално единство".[2]

Демократската револуција, според Лефорт, овозможува да се разоткрие оваа логика на политичкото, со што „вистинското" битие на заедницата во демократијата исчезнува, или „се претставува во формата на бесконечна серија на прашања".[3] Разоткривајќи го *искуството на политичкото* демократијата ја исклучува можноста за општествено единство или стабилизацијата на која било страна и фигура која би претендирала да го претставува целосно општествениот идентитет и заедницата. Демократското искуство е искуство на политичкото во неговата радикална и незавршлива отвореност која ја оневозможува насилната фикција за претставување на општеството како обединето тело, отелотворено во единствена обединувачка фигура, без разлика дали тоа би било Монархот, народот, Партијата, државата или нацијата. Следствено, анализата на Лефорт укажува дека ваквиот демократски израз на политичкото го прави невозможно поклопувањето, и го институционализира разграничувањето помеѓу моќта, знаењето и правото, последниве две означувајќи и гарантирајќи ја несводливата надворешност на моќта, нејзината граница и линија од која се врши контролата, регулацијата и критичката ресимболизација и преосмислување на заедничкиот свет.

Од овој краток вовед за политичкото, со посебен осврт на анализата на Лефорт, почнува да се назира и логиката на недемократска деполитизација карактеристична за режимот на владеење на ВМРО-ДПМНЕ. Многубројните докази за фалсификување на изборите и изборните резултати, поткуп и присила на гласачи, се само еден показател за насилната претензија да се супстанцијализира и поклопи празното место на моќта кое како структурна позиција во демократскиот израз на политичкото се открива преку постојаните циклуси на избори и промена на власта. Но, од друга страна, деполитизирачката логика на овој режим се огледуваше и преку насилното преклопување, во нивните тврдења, помеѓу „народот" како единствено „мистично" тело и моќта отелотворена во партијата, односно претпоставката дека победата на избори нуди целосен и неспорен легитимитет даден од народот. Ако ја следиме политичката логика на Лефорт, демократските избори сведочат не толку за претпоставената општа и единствена народна волја, колку за трансформацијата на претпоставеното единство во броеви (изборни гласови), како индикатор за внатрешната поделба и конфликт во фиктивното единство на „народот" и демократската логика на растелотворување (disincorporation) на моќта. И во оваа линија, како последна белешка, претензијата за окупирањето на местото на моќта како место од кое безусловно се осмислува, симболизира и сценира општествениот живот, и во кое народот е еднаков самиот на себе во своето единство, во владеењето на ВМРО-ДПМНЕ се рефлектираше во целосното

1 Oliver Marchart, *Post-Foundational Political Thought - Political Difference in Nancy, Lefort, Badiou and Laclau.* Edinburgh University Press Ltd: Edinburgh Marchart 2007, p.15

2 Claude Lefort, *Democracy and Political Theory.* Polity Press: Cambridge, 1988, p.226

3 Ibid., p.228

окупирање како на правосудниот систем, окупацијата во „тефтерчето на министерката за внатрешни работи“, така и на образовниот систем и продукцијата и дистрибуцијата на знаења, највидливо во учебните помагала како алатка за фабрикување на Нацијата отелотворена во моќта на владеачката партија, и на параметрите на нормалното, нормативното и доброто.

Имајќи го сево погоре елаборирано, ќе преминам на анализа на стратегиите на деполитизација како израз на зазорот над политичкото во рамки на 11-годишниот режим на ВМРО-ДПМНЕ, свртувајќи се кон три парадигми на мислење на политичкото. Иследувајќи го овој концепт во делото на Хана Арент, на Жан Лук Нанси и на Ернесто Лаклау и Шантал Муф, целта не ми е да укажам на преклопување и истоветност во разработката на овој концепт кај истите, ниту пак да ги елаборирам разликите во мислењето на политичкото кај овие автори. Едноставно, укажувајќи на спецификите кои секој од нив ги издвојува во мислењето на политичкото, сакам да понудам неколку белешки и насоки за критичка анализа и разбирање на, она што го нарекувам овде, ВМРО-вската деполитизација.

Презир кон плуралноста и поништување на слободата

24-ти декември, 2012 година, пратениците на опозициската партија на СДСМ беа насилно исфрлени од Собранието за време на расправата за носењето на буџетот за 2013 година, со поддршка на владеачката партија на ВМРО-ДПМНЕ и под команда на нивната министерка за внатрешни работи. Исфрлени од Собранието беа и новинарите кои го следеа и известуваа за целиот процес. Шест години подоцна, овој ден во јавната свест се памети како „црниот понеделник“. Она што го покажа ваквото однесување на владеачкото мнозинство во Собранието беше не само целосното отсуство на демократски капацитет за дебата, туку и длабоката анксиозност, страв, презир и непочитување на политичката логика, на политичкото. Одбивањето да се соочат со говорот и дејствијата на политичките противници, криењето на сопствените постапки од камерите на медиумите и критичките прашања кои би произлегле од нив, претставуваа повеќе од јасен знак дека владеењето на ВМРО-ДПМНЕ претставува израз на световна изолација и поништување на можноста да се има пристап до реалноста, пристап кој е единствено возможен преку соочувањето со и инкорпорирањето на перспективата на еднаквите, кои низ говор и дејствија ја манифестираат својата слобода и ја изразуваат својата различна перспектива на реалноста и стварите кои се помеѓу нас, споделени, заеднички.

Овој настан претставуваше веројатно кулминација на серија други постапки кои претходеа и му следеа, како: напуштањето на опозицијата на Собранието; носењето на стотици закони по експресно брза постапка и без никаква дебата и соочување; одбивањето на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и другите високи претставници на партијата и Владата за медиумско и дебатно соочување со критичката јавност и политичките противници, освен во високо контролирани услови и подготвени новинарски прашања во медиуми веќе целосно под контрола на владеачката гарнитура; насилниот обид за уставни измени за време на летните годишни одмори во 2014 година; отсуството на различни ставови и мислење во рамки на владеачкото мнозинство (реплицирано и на внатрепартиско ниво со едногласното реизбирање на Никола Груевски за претседател на партијата) итн. Сиве овие постапки и серија други сведочеа за насилното и сериозно тонење

и повлекување на политичкото како јавна сфера на со-појавување и размена и соочување на говор и дејствија, како заедничкиот простор условен од плуралноста како conditio humana на човекот како политичко битие. Урнисување на темелите на републиката.

Ова е оската околу која го идентификува политичкото и Хана Арент, веројатно најзначајната мислителка на тоталитаризмот на 20-от век. Според Арент,

> „полисот не е градот-држава на својата физичка локација: тоа е организација на луѓето која настанува од нивното заедничко дејствување и говор, и неговото вистинско место се наоѓа помеѓу луѓето кои заради него живеат заедно и кои се, каде и да се најдат, дел од полисот (...) дејствувањето и говорот создаваат простор кој својата вистинска локација може да ја пронајде речиси во секое доба и насекаде. Тоа е просторот на појавување во најширока смисла на зборот, односно просторот во кој јас се појавувам пред другите, како што и другите се појавуваат пред мене, во кој луѓето (...) го прават експлицитно своето појавување. Да се биде лишен од тој простор значи да се биде лишен од реалноста која е, во поглед на човекот и политиката, иста како и појавувањето. За луѓето реалноста на светот е гарантирана со присуството на другите, со тоа што светот се појавува за сите“.[4]

Во Арентовската рамка на мислење на политичкото, заснована на асоцијацискиот модел (за разлика од антагоностичкиот модел присутен кај Лефорт, Лаклау и Муф, или кај Рансиер), моментот на институција на заедничкото е условен од меѓусебното појавување на еднаквите и различните кои конституирајќи ја заедничката реалност, истовремено го прават невозможно насилното интерпретирање и организирање (од страна на еден актер или група) и седиментирање наw таа реалност, изложувајќи ја истата на конститутивното, но и истовремено дисруптивното и деститутивното „помеѓу“ на плуралноста на со-појавувањето, и меѓусебната изложеност и предизвикување едни со други. Просторот на појавување, како што тврди Арент, „трае колку и движењето што го создало“.[5] Манифестирано во заедничкото дејствување и говорење, доменот на политичкото претставува актуализација на наталноста, на капацитетот и потенцијалот да се започне нешто ново, еквивалентно на новото доаѓање во светот со раѓањето на секое човечко битие, од една страна, како и актуализација на плуралноста и различноста како услови на човековата егзистенција и модус на разоткривање на посебноста и несомерливоста на секој член на заедницата, од друга страна.

Ако политиката е еднаква на и условена од слободата, како што тврди Арент, тоа е затоа што во дејствувањето како искуствено поле на слободата, се изразува човековиот потенцијал „да се донесе на свет нешто што не постоело претходно, што не било дадено, дури ни како објект на сознание или имагинација“[6]. Во слободното и спонтано дејствување човекот се изразува како initium, како оној кој воспоставува нов почеток, речиси еднаков на чудо, секогаш со другите, како можност на моето дејствување и слобода за иницирање на нешто ново, и, истовремено, како граница на секоја илузија за семоќност. Токму и затоа прашањето на моќта кај Хана Арент не е еднакво на владеењето, насилството или доминацијата, туку корелира со потенцијалот кој постои и се актуализира само тогаш кога се луѓето заедно. „Доколку не би била зависна (моќта) од привременото и нестабилно постигнато разбирање помеѓу повеќе

4 Hana Arent, *Conditio Humana*, Beograd: Fedon 2016, p.273

5 ibid., p.274

6 Hannah Arendt, “What is Freedom?” во *Between Past and Future.* New York: Viking Press, 1961, p.151

човечки волји и намери, тогаш семоќта би била навистина конкретна човечка можност (...) Нејзиното единствено ограничување е постоењето на другите луѓе, но тоа ограничување не е случајно, бидејќи човековата моќ од самиот почеток кореспондира со условот на плуралноста".[7] Токму на ова место доаѓа во полн израз значењето на еднаквоста, како еднаквост да се иницира нешто, да се дејствува и започне нешто ново, да се прави нешто, но истовремено и да се биде субјект кој трпи, кој е пасивно изложен на дејствијата на другите, а не исклучиво суверен субјект кој планира, иницира, дејствува и ефектуира согласно своите намери и моќи. Вметнат во светот на другите, во светот со другите, политичкиот човек ја наоѓа својата можност, но и својата граница, своето ограничување. Ова разбивање на врската помеѓу слободата и сувереноста кај Арент, мислам дека, кулминира со одземањето на суверената моќ на субјектот да ги предвиди до крај последиците, ефектите и создадените односи како исход на своето дејствие и говор. Слободата да се започне нешто ново и капацитетот за воспоставување на односи го носи и нужниот ризик и одговорност кои произлегуваат од полето на неодлучивото во кое се носи одлука и дејствува, и истовремено го прави слободниот човек субјект изложен на ризикот на непресметливоста и непредвидливоста на сопствените акции сместени во мрежата на светот споделен со другите како еднакви и различни.

Со елаборацијата на некои од основните принципи на политичкото кај Арент сакам да го нагласам единствено степенот до кој беше изведена деполитизацијата во македонското општество и јавна сфера од режимот на ВМРО-ДПМНЕ. Еклатантен пример за разурнувањето на основните примеси на политичкото дејствување и говор е токму аферата со масовното прислушкување на околу 20 000 граѓани, политичари, јавни функционери, интелектуалци, новинари и активисти. Со овој скандал, уникатен на светско ниво, опозицијата го разоткри не само масовното кршење на основните човекови права гледано од чисто легалистичка перспектива, туку, во политичка смисла, отсуството на капацитет за преземање на акција во светот споделен и ограничен со плуралното постоење на другите, и мегаломанската желба за суверено владеење и доминација на ВМРО-ДПМНЕ. Невиденият упад во приватниот живот на луѓето е сведоштво за одбивањето на ризикот на политичкото дејствување, на инхерентната можност за безграничност на последиците и непредвидливоста на ефектите на дејствувањето. Ова одбивање го разоткрива истовремено и стравот од соочување со контра-акцијата која би произлегла како ново иницирање од другите во заедничкиот простор на појавување и соочување, стравот од нескротливото вмрежување на можните стратегии за отпор и критика, и параноидната желба за однапред предвидено и калкулирано пречекување на зборот и дејствието на другите. Рефлексија на оваа позиција беше и самото одбивање за дијалог и дебата со политичките опонентни и себеизложување на непредвидливи и критички прашања од страна на новинари, специфично како за екс премиерот Груевски, така и за неговите сопартијци, особено нагласено од 2010 па сè до нивниот политички пад во 2016. Во говорот пред другите, изложувајќи се, ние го разоткриваме она „кој" на говорот, својата извонредност, доблест, и способност за учество во политичкиот живот, и се соочуваме со светот на плуралноста и фактот на постоењето на различноста отелотворена од другите со-граѓани. „Иако никој не знае колку се разоткрива кога се открива со своето дејствување и говор, тој мора да биде спремен да ризикува дека ќе биде откриен", ризик што ја претставување ноќната мора на неполитичкиот човек на ВМРО-ДПМНЕ.

Други два домена во кои владеењето на ВМРО-ДПМНЕ го испразнуваше капацитетот за спонтаност и слободата беа **фабрикувањето на митовите за почетокот на Нацијата** и нужното повинување на граѓаните на националистичките наративи како услов за човечка интелегибилност и граѓански статус, и **социо-економската девастација и трансформацијата на македонскиот граѓанин во homo laborans** затворен во процесите на голите потреби и борбата за преживување во био-некро-политичкиот апарат.

7 Arent, Conditio Humana, p.277

Во првиот случај човековата политичка слобода беше редуцирана на нужноста да се следат големите тековни историски процеси на себереализација, себеприсутнување и ефектуирање на македонската нација, лоцирана во фиктивното херојско античко минато, а отелотворена во шизоидниот насилен проект „Скопје 2014", чијашто шуплина и стиропорна кревкост соодветствуваше на соголениот живот на граѓанинот подреден на монструозната величина на националистичката апстракција. Во ваквата националистичка фабрика слободата не се лоцира во „човечките битија во дејствување и интеракција, или во просторот што се формира помеѓу нив, туку му се препишува на процес што се раздиплува зад нивните грбови и работи во тајност, отаде видливата арена на јавните ствари".[8]

Во вториот случај, фокусот мора да го ставиме на навидум споредните, но клучни политики на деполитизација кои се манифестираа во континуираното секојдневно изложување на насилство, страдање, менаџирање на животот и неговата одржливост во испресекувањето на диферецијални, дисциплинарни и регулаторни механизми на моќта преку векторите на родот, сексуалноста, етницитетот, сиромаштијата, класата итн., а со кои се обележуваше биополитичката нееднаква изложеност на здравје и смртност во популацијата.[9] Односно, нужно е да не ги губиме од вид сите оние „квази-настани" на биополитичката администрација на животните можности, а кои никогаш го немаат статусот на „експлицитно појавување и случување", но кои разоткриваат „форми на страдање и умирање, одржување и истрошување, кои се многу повеќе обични, секојдневни, хронични и одбивни, отколку катастрофални, јасно прецизни или сублимни".[10]

Она на што всушност сакам да укажам се затскриените, иако ништо помалку ефективни, некро-био-политички стратегии на давање форма на животите на граѓаните во форма на пасивното оставање да се умре, во кое единствената форма на одржано преживување во животот на граѓанинот му остануваше сурово оптимистичното инвестирање во постојано одложените ветувања за спас, големите национални наративи и ветувањата за репарација на историските жртви на Македонецот. Се разбира, наспроти, или поточно, во позадина на фантазијата за реституирање на изгубениот национален наратив и суверенитет, стоеше државата и политиката како менаџерски актер на геополитичките и национални текови на капитал, добра и криминал, „редуцирани од страна на неолибералната рационалност, претприемачката рационалност и критериумите на пазарот".[11] Сведоштвата за ова се во изобилство, видливи во застрашувачките факти за земјата како една од оние со највисока стапка на сиромаштија во Европа, каде што работниците и јавните добра се ставени во недвосмислена експропријација и експлоатација од страна на капиталот и слободните економски зони (ослободени од даноци и обврски кон државата во надомест за „спектакуларни" 150 евра плата); или пак во фактот за зголемениот број за 300 000 пакувања на антидепресиви купувани од граѓаните во период од само две години помеѓу 2013-2015; бавната смрт и физичкото истрошување на граѓаните оставени на работ на егзистенцијата во систем со разурнато здравство и девастиран систем на социјална заштита, и во

8 Hannah Arendt, *The Promise of Politics*, New York: Schocken Books 2005, p.120

9 Michel Foucault, *Security, Territory, Population: Lectures at the Collège de France 1977–1978*. Basingstoke: Palgrave, 2007

10 Elizabeth A. Povinelli, *Economies of Abandonment: Social Belonging and Endurance in Late Liberalism*. Durham and London: Duke University Press, 2011, p.13

11 Wendy Brown, *Walled States, Waning Sovereignty*, New York: Zone Books, 2010, p.24

урбано окружување со највиска загаденост во Европа („обогатено“ од застарени и штетни технологии донирани од Западните демократии, како и од пластичните и други штетни материјали што луѓето ги користат како огревен материјал, или пак евтините увезени возила итн.). Се разбира на оваа констелација мора да ѝ се додаде и наследената ситуација на приватизацијата на колективните претпријатија и фабрики во периодот од 15 години по распадот на Југославија, поддржани од меѓународните финансиски институции, кои оставија девастирани цели сегменти од популацијата кои се движеа-ат едвај како живите мртви (зомбија) на транзицијата.

Токму во овој контекст, политички посредуван, мора да ја истражиме и остварувањето на македонскиот граѓанин како homo laborans,[12] човек оставен на голо преживување и повнатрешнување, односно себеизолација од светот на другите, од просторот на појавување и размена и дебата за различните интереси (inter-est), во приватната сфера диктирана од потребата за одржување на циклусот на животот како гол живот, а под ударите на континуирано и затскриено истрошување, изнемоштување, негативен афект и неподнесливост на животот во светот.

Насилството на заедништвото и народот

Владеењето на ВМРО останува запаметено по имунизирачката и параноидна продукција на национални/от мит/ови, како апарат за идентификација преку утврдување, поточно фабрикување на митот за митот, митот за почетокот и изворот на македонското национално битие, или митот за апсолутниот и основоположнички настан на политичката заедница сфатена како мистично тело на народот/нацијата, првичното и уникатно потекло како извор на целокупната историја, судбина, имагинација, приказни и митологија на сите и секој Македонец. Функцијата на митот за македонскиот народ се состои во фигурацијата, односно фиктивното обликување и отелотворување на бивствувањето-заедно, преку нудењето на симболички идентификации, модели, типови, а преку чие подражавање секој поединец може да се идентификува, препознае и да ја утврди сопствената судбина. Митскиот говор како императивна комуникација треба да го претставува единствениот и обединувачки говор на многуте, кои на тој начин се препознаваат еден со друг, со посредството на митските фигури и нивните нормативни и императивни рамки. Во оваа митска логика за изворите на националното битие, заедницата фигурира како истоветен субјект кој е извор, автор, волја и агент на сите свои дејствија, репрезентации, митови и историја, и кој во дијалектичките операции и контрадикции на историјата гледа единствено случајни и надминливи пречки во сопствената себереализација и остварувањето на изгубената полнотија. Историската другост и разлика, како и неединственоста и разликите во сегашноста се само моменти во телеологијата на сопственото самоостварување и потврдување на Истото и Едното. Разликата и исклучокот, во ваквата логика, единствено го потврдуваат правилото и самоидентитетот на суверениот субјект-народот.

Во сличен манир, иницијалната внатрешна поделба и себеразликување што го носи воспоставувачкиот момент на политичкото, како моментот на првичното поделување на заедницата од иманентната нераспознатливост и самоотуѓување преку поставувањето на местото на моќта, во логиката на националниот субјект како само-исто себство се

12 Arent, Conditio Humana

брише целосно, со што националното Себство кое излегува од самото себе се враќа повторно непроменето и го реапроприира негативниот момент на самоотуѓување. Она што останува во тој момент е насилното преклопување на местото на моќта и политиката со местото на заедницата и внатрешните разлики во истата (или заедницата како разлика-во-себе), и конечниот исход е таков што мисијата и судбината на политиката, или на моќта станува да го „брани“ и води во сопственото себепотврдување претпоставениот идентитет на заедницата. Политичкото прашање во оваа смисла станува прашање на идентитетски проект и суверена автоциркуларност, на средства и цел, на операција и делотворност, на остварување на суштината на заедницата како дело, како завршна цел. Но ваквата делотворна заедница нема всушност никаква иднина, бидејќи целта е претпоставена како веќе претходно постоечката, но затскриена, и повремено загубена суштина на битието на заедницата. Во ваквата самоубиствена логика, она што нужно произлегува како последица е постојаното и опсесивно исцртување на границите нанадвор и навнатре со кои се идентификуваат пријателите и непријателите, патриотите и предавниците, чистите Македонци и узурпаторите на идентитетот, наследниците на родот и изродите.

Филозофијата на Жан Лук Нанси и неговите промислувања на политичката онтологија стојат во дијаметрална спротивност на ваквата комунитарна и иманентистичка логика. Политичкото, вели Нанси, би значело:

> „заедница која се уредува во насока на разделотворувањето на својата комуникација, или осудена на ова разделотворување: заедница која свесно го проаѓа искуството на своето делење (на англиски истовремено и *sharing* и *division*, или на француски *partage*). За да се здобие со такво значење, политичкото не зависи, или барем не зависи едноставно, од она што се нарекува ‚политичка волја'. Тоа имплицира да се биде веќе ангажиран во заедницата, односно да се прође, на кој и да било начин, низ искуството на заедницата како комуникација".[13]

Во предговорот на „Неделотворната заедница“ Жан Лук Нанси ја елаборира разликата помеѓу она што го нарекува како *политичкото*, од една страна, и *политика*, од друга страна. Политичкото кај Нанси се однесува на она за коешто зборуваме кога зборуваме за заедницата, и како такво се разликува од политиката како задолженост за редот, администрацијата, институциите на системот, конфликтот на интереси и односите на моќ. Политичкото е самиот акт на основање, воспоставување, извор и основоположување на политиката, или „местото каде што се отвора за дефиниција значењето на бивствувањето во заедничкото/бивствувањето-заедно".[14] Заедницата, според Нанси, е местото на егзистенција на *бивствувањето-во-заедничкото/бивствувањето-заедно* (*l'être-en-commun*) како радикално спротивставено на заедничкото битие или битието на заедништвото кои секогаш претпоставуваат трансценденција или иманенција надвор од самата егзистенција, како суштина или значење на заедницата. Суштината на бивствувањето-во-заедничкото лежи, според Нанси, конкретно во самото ова „во“ што е еднакво на релацијата и комуникацијата на сингуларности. Ова „во“ му претходи на секој субјективитет, индивидуа или идентитет бидејќи го изложува сингуларното бивствувачко кон надворешноста, што е секогаш друго бивствувачко и самото подеднакво изложено. Ова „во“ не поседува никакво својство или супстанција што би можела да биде преведена како општествена или комунална врска. Тоа е самото опросторување,

13 Jean-Luc Nancy, *Being Singular Plural*, Stanford University Press: Stanford, 2000, p.41

14 Jean-Luc Nancy, *The Inoperative Community*, University of Minnesota Press: Minneapolis, 1991, xxxvii

ориентацијата нанадвор, „кон“, што ги дистрибуира сингуларитетите во надворешност и на тој начин ја впишува надворешноста во самата интимност на внатрешноста на сингуларното бивствување. Она што е својствено и сопствено за една егзистенција, според оваа логика, е токму експропријацијата што ја лишува индивидуата од нејзината најсвојствена индивидуалност и сопственост. Одовде, заедницата е нашето бивствување-во-заедничкото коешто го оневозможува секој обид за апсолутна и комплетна иманенција. Заедницата му претходи секогаш на нашето пристигање, на нашето раѓање, и, во исто време, не е никогаш овде, туку секогаш таму, некаде другаде, разместена низ огромната мрежа на комуникативни релации помеѓу сингуларностите. Ако има нешто што е својствено за една заедница тоа е само она „со“ на „со-појавувањето“, на *бивствувањето-со*, или она *сит* во „communitas“. Изворот или почетокот на заедницата во оваа смисла не може да се лоцира во некоја историски фиксна и затворена точка или момент, туку истиот се дисеминира и повторува во секој момент и насекаде каде што се воспоставува релацијата *во* или *со*, релацијата на со-појавување и изложување на сингуларностите во заедницата. Секоја сингуларност во нејзината конститутивна релационост претставува разоткривање на заедницата и нејзиниот почеток и извор, како шок на моментот, на средбата, секаде каде што се отвора бивствувањето-заедно, секојпат и секој наредена пат. Изворот се разоткрива секогаш „за и преку сингуларно плуралниот карактер на секој извор/почеток“,[15] реферирајќи на овој начин на плуралниот карактер на секоја сингуларност, како во смисла на нејзината поставеност и условеност од релациите во плурален простор, простор еднаков на отвореноста на мноштво од други сингуларности, така и во смисла на нејзиното многукратно и плурално, секој пат, различно бивствување, односно самата сингуларност како плуралитет. И обратно, самата заедница како плуралност на различните бивствувања во со-појавувањето е секој пат различна сингуларност, и е еднаква на секој пат и од секое место нееднаквата конфигурација и организација на сингуларностите. Ако е воопшто можно да го изговориме она „Ние“ или да кажеме нешто за „нас“ тоа не може да биде во затворениот домен на (себе)репрезентација, концептот, поимот или некоја идеја. „Ние“ попрво коинцидираме со праксисот и инсценирањето на со-појавувањето, а „ние сме секогаш веќе таму во секоја инстанца. Ова не е иновација - туку сцената мора да биде откриена одново; ние мора да ја реинвентираме, да ја откриеме одново секој пат, секој пат влегувајќи одново“.[16] Токму поради ваквата логика на политичкото како отворање, ексцесивност, прекин, шок и изместување на бивствувањето-во-заедничкото, бивствувањето-со, заедницата никогаш не може да се сведе или изедначи со каков и да било проект, цел, крај, или телос кој од истата би направил дело. Одовде и тврдењето на Нанси дека политичкото како заедницата е секогаш еднакво со неделотворната заедница, ослободена од секоја фигурација, мит, идентитет и органски тоталитет кои би ѝ дале симболизација на почетокот, изворот, или судбината и визијата во која таа се самоисполнува.

Важно е да нагласиме дека ваквото мислење на политичкото кај Нанси не нѐ остава со испразнета и апстрактна мисла на теренот на онтологијата, без никакви минимални насоки за мислење на политиката. Напротив, она што ни се наложува во ваквата ситуација е мислење на „политики на политичкото“,[17] при што политиката почнува да се мисли како нужен модус на политичкото, коешто ја воведува разликата во самата политика, како разлика-во-себе. Ако политичкото ја надминува и пречекорува политиката, ако политичкото како бивствување-заедно му претходи на секое асоцирање и собир во стабилна политичка заедница, ако политичкото како делење преку кое секоја поединечна егзистенција е споделена и одделна, и на тој

15 Nancy, *Being Singular Plural*, p.83

16 ibid., 71

17 Nancy, *The Inoperative Community*

начин е ексцесивно во однос на секој обид за фузија, обединување и поставување на заедничкото, во тој случај политиката е еднаква единствено на „давање форма и видливост на можноста за живеење заедно… на дизајнирањето на неговите контури и давањето структура“.[18] Политиката, одовде, ги поставува минималните услови за живеењето заедно и ја гарантира коегзистенцијата под одреден устав, односно го прави возможно „ние“, на кое инаку по себе му недостасува евидентност и готова за-даденост. Ова е всушност и начинот на кој „политиката се раѓа: онаму каде што еден ден немаше повеќе бивствување-заедно дадено според една или друга форма (клан, потомство, лоза, територија, тотемски мит, божји правила или авторитети воопшто). Политиката се раѓа токму во моментот на повлекување на Божественото, т.е. во даденоста на нашето бивствување-со, со што мислам, не само еден-со-друг, туку подеднакво и со-остатокот-од-светот или остатокот-од-бивствувачките“.[19] Конечно, ова „ние“ што политиката го прави возможно е веќе секогаш нужно отворено кон сопствената невозможност, или оневозможување како отвореност и изложеност во меѓупросторот на „со“ помеѓу сингуларно плуралните егзистенции, секогаш во прелевање преку границите и смислата на политички конституираното „ние“. Или како што тврди Нанси:

> „Политиката се повлече како дарувањето (авто- или хетеро-дарување, човечко или божјо) на заедничка суштина или дестинација: таа се повлече како тоталитет или тотализација. Во оваа смисла, не е сè политичко. Но, политиката може одново да биде пронајдена како место на практикување на моќта со оглед на несомерливата правда, односно, како место за потврдување на без-конечноста на бидувањето човек или бидувањето свет. По дефиниција таа не може да биде апсорбирана во сите други места на егзистенција. Овие други места се токму онаму каде што несомерливоста се формира… станува збор за зачувување на несомерливоста како отворена, несомерливост на правдата и на вредноста“.[20]

Токму одовде, мислам, дека треба да започне мислењето на неполитичноста на режимот на ВМРО-ДПМНЕ, како суштински недемократски режим. Операциите на овој режим беа модуси на пополнување/испразнување на значењето и смислата на „со“ како конститутивно оневозможување на заедницата. Од една страна како втемелување и осуштествување со една финална смисла, а од друга страна како нетранзитивност, како оневозможување и целосно разделување на можноста за комуникација и трансформација (или носители на идентитетот, или крајно разделени несолидарни и во отсуство на доверба индивидуи затворени во приватната изолација и себереализација). Националистичкиот и недемократски режим на ВМРО-ДПМНЕ се состоеше во поставувањето на мера со која го вреднуваше и проценуваше, одмеруваше несомерливото како афирмација на нееднаквото во еднаквоста на сите сингуларитети-во-заедничкото. Овој процес беше процес на поништување или заборавање на неопходното непоклопување на моќта со сите различни домени на делењето/споделувањето и продукцијата на смисла, на извирање на заедницата во бивствувањето-во-заедничкото. Во љубовта, интимноста, пријателството, естетското, знаењето, идентификациите, формите на практикување на граѓанството, па дури и во гастрономството (нашата етно - кујна е највкусната кујна). Фигурата на народот, на вистинскиот Македонец со сите негови императивни, нормативни и прескриптивни импликации опсесивно прогласуваше насекаде непријатели, предавници, сексуални и родови изроди, измерени во однос на нормата за живот на вистинскиот Македонец, како вистинскиот маж, како должноста

18 Jean-Luc Nancy, “The Political and/or Politics”, 14 March 2012, Frankfurt/M

19 Ibid.

20 Jean-Luc Nancy, *The Truth of Democracy*. New York: Fordham University Press, 2010, p.50

на бидувањето жена, како суштината на бидувањето човек. Насилството врз слободата на егзистенцијата како егзистирање *со*, *покрај*, *во*, беше еднаква и на контролата на протокот на информации, на слики и зборови кои циркулираат во заедничкото, во медиумската сфера, уметничката продукција поддржана од државните фондови, продукцијата на слики под покровителство на државата дистрибуирани во националните медиуми, подвижните слики на медиумите од кои еманираа кодовите на честа, семејството, националниот идентитет итн., како турските сапунски опери, конфигурацијата на сензибилното достапно во јавниот простор согласно националистичката имагинација итн. Ако бивствувањето-во-заедничкото е еднакво на релацијата со и изложеноста на други тела, зборови, слики, сензориуми преку кои се конституираат сингуларностите секој пат различно како плурално сингуларни, и истото е извор секој пат, одново, на заедницата, ВМРО-ската деполитизација се состоеше токму во злоупотребата на оваа онтолошки конститутивна изложеност на сите и секој, и насилното затворање на отвореноста и несомерливоста како услов за правдата.

Затскривање на хегемониските операции и поништување на антагонизмот

Доаѓањето на власт, и зацврстувањето на својата позиција на власт и гласноговорник во името на „народот“, ВМРО-ДПМНЕ го оствари несомнено преку артикулација и обединување на различни народни и групни барања кои во текот на изминатиот период, од осамостојувањето на државата па до 2006, беа неисполнети, разочарани, игнорирани, несослушани и исфрустрирани. Овие барања претставуваа различни социјални позиции и слоеви, дел од кои ги претставуваа опустошените работници на транзицијата, етно обоените разгневени слоеви по конфликтот во 2001, оние кои гледаа постојан неуспех на сите ветувања за зајакнување на здравствениот и социјалниот систем во државата, граѓани кои неуспехот на интеграцијата на земјата во Европската унија и западниот свет ја доживуваа како глобална конспирација против жртвенички дефинираниот Македонец, оние кои во понудената симболичка позиција на ВМРО гледаа можност за остварување на „стариот“ македонски сон за национално обединување и достоинствено враќање и реализација на македонското битие, или конзервативните сили кои во современите социјални движења и борби за еднаквост гледаа закана за чистотата на сè што е македонско, патријархално, христијанско итн. Ваквото обединување беше возможно преку ветувањето за исполнување на барањата и интересите на „народот“, наспроти, односно во диференцијација со актуелната позиција на моќ, во периодот отелотворена во СДСМ, од една страна, и консеквентно градењето на линкот на еквиваленција помеѓу овие различни слоеви, групи, социјални позиции и интереси, од друга страна. Како партикуларен политички субјект, ВМРО-ДПМНЕ ја презеде улогата на симбол и агент на симболичката унификација и претставување/остварување на загубената, отсутната полнотија на овие различни социјални позиции, со реторички маневар на метафоричка кристализација како означител на вратеното, прероденото единство и еднакво учество на сите овие, претходно исклучени и игнорирани гласови во заедницата („Прередба во 100 чекори“). Додека ваквата стратегија и артикулација на народното единство беше резултат на политичка операција par excellence, овозможувајќи контингентна реконфигурација на постојните општествени врски и седименти, а времето кое следуваше потоа беше сведок за заборавање на ваквата контингентност, повременост и диференцијално

одредена унификација, и следствено нејзина деполитизација. Единството на народот се претставуваше како нужна и позитивно одредена резултанта, исход на претпоставеното национално единство кое наместо перформативен ефект, се претставуваше како извор на перформативната политичка операција. Реторичкиот ефект на партикуларноста во заземањето на обединувачката и симболички унифицирачка улога во претставувањето на „празната полнотија“ (Лаклау) на заедницата, преку инсценирањето на конфликтот со актуелната моќ, беше заменет со насилната фикција за отелотворување на народното единство како позитивитет и супстанција, при што секоја внатрешна разлика беше прогласена за ненародна, непријателска и предавничка игра против националните интереси, а надворешната разлика, како конститутивна за таквиот идентитет, за израз на ултимативниот непријател кој мора да биде делегитимиран, потиснат, избришан, па неретко и дехуманизиран на патот кон ветената полнотија и народно единство.

Деполитизирачката операција на ВМРО-ДПМНЕ се состоеше во заборавот, односно интенционалното потиснување на фактот дека „популарниот симбол или идентитет, бивајќи површина на инскрипција, не го изразува пасивно она што е впишано во него, туку всушност го конституира она што го изразува преку самиот процес на изразување. Со други зборови: позицијата на народниот субјект не претставува едноставно единство на барања конституирани надвор и пред него, туку е одлучувачки момент во воспоставувањето на тоа единство... Обединувачкиот елемент не е неутрален или транспарентен медиум. Доколку би бил, секое единство што би можела да го има дискурзивната/хегемониската формација би му претходело на моментот на именување на целината“.[21] Со други зборови, заборавот и потиснувањето на политичкиот извор на артикулацијата на општеството, како реактивација на седиментираните, фиксирани и значенски стерилизирани слоеви на општеството, како контингентна одлука и реторичка пракса, во операциите на ВМРО беше изведено преку насилна рутинизација, нова седиментација, фиксација на значењата, смрзнување на односите на моќ, и насилна елиминација на антагонизмот како клучен за отвореноста на општеството и можноста на политичкото. За да биде возможно практикувањето и мислењето на политичкото, тврдат Лаклау и Муф, „мораме да ја земеме предвид отвореноста на општественото како конститутивен темел или ‚негативната суштина’ на егзистенцијата, а различните ‚општествени поредоци’ како нестабилни, кревки и целосно неуспешни обиди за припитомување на полето на разлики“.[22]

Политичкото, со други зборови, во оваа рамка на мислење, го претставува живиот, динамичен, неуништлив и постојано присутен елемент на антагонизмот во општественото поле, како услов, можност, и истовремено, како постојано еруптирачко оневозможување на затворањето на општеството како тоталитет, и на преклопувањето на операциите на политиката, како збир од пракси, дискурси и институции со кои се рутинизира и одржува постојниот поредок, со многустраното поле на диференцијални релации во општеството. Антагонизмот го претставува политичкиот момент во кој „неодлучната природа на алтернативите и нивното разрешување преку релации на моќ станува целосно видлива“.[23] Кога Лаклау и Муф велат дека антагонизмот е конститутивен за воспоставувањето на општеството и заедницата, реферираат на нужниот момент на исцртување на границата на диференцијација помеѓу пријателот и непријателот (во манир на Карл Шмит, иако против него преку него), како антагонистичка граница која овозможува поделба на општеството на два блока и која го овозможува поставувањето

21 Ernesto Laclau, *On Populist Reason.* New York: Verso, 2005, p.99

22 Ernesto Laclau and Chantal Mouffe, *Hegemony and Socialist Strategies: Towards a Radical Democracy.* New York: Verso, 2001, p.96

23 Ernesto Laclau, *New Reflections on the Revolution of Our Time.* London and New York: Verso, 1990, p.35

на ланец на еквиваленции помеѓу елементите во секој од двата респективни блока. Односно, не постои никаква објективна, позитивна, есенцијална или супстанцијална причина или извор на новото општествено обединување и конституирање на народниот политички субјект надвор од артикулирачките операции во процесот на антагонизација. Исходот од ваквиот процес е тоа што едниот од двата блока, оној која ја мобилизира динамиката на антагонизација, во оваа борба ја презема хегемонијата во преуредувањето и реактивирањето на седиментираните слоеви на општеството, и следствено, воспоставувањето на нов општествен поредок.

Клучно, од една страна, за демократското разбирање на хегемониската артикулација на општественото овде е признавањето и визибилизацијата на несводливоста на диференцијалните елементи во хегемонискиот блок на партикуларниот елемент што ја артикулира симболичката унификација и стои како метафора за динамичниот и разликувачки метонимиски процес помеѓу различните елементи. Од друга страна, неопходна е политичката институционализација на демократски агонистички политички простор како нужен за нови реартикулации на општествената врска и значењето на заедничкото, токму поради тоа што „полното битие“ што повремено го отелотворува обединувачката партикуларност е невозможно како такво, и како „празен означител“ е предмет на постојани и нови реинскрипции и антагонистички борби за значење. Единствено тогаш кога ќе ја „признаеме димензијата на ‚политичкото' и разбереме дека ‚политиката' се состои во припитомување на непријателството и обид да го направи помалку штетен потенцијалниот антагонизам што постои во човечките релации, ќе можеме да го поставиме централното прашање (...) за демократската политика“.[24]

Токму тргнувајќи од овде тврдам дека „политиката“ на ВМРО-ДПМНЕ беше колку неполитична, толку и недемократска, бидејќи заборавајќи го контингентниот артикулаторски момент на својата хегемонија, стана егзекутор на поништувањето на сите изблици на нов антагонизам и критички превреднувања и реартикулации на општественото. Во ВМРО-вската неполитичка логика општеството, народот, нацијата претставуваше унифицирано супстанцијално мистично тело чијашто глава и репрезент беше Партијата, а не диференцијално и конфликтно антагонистично поле чиешто обединување беше перформативен ефект на нестабилни и конкретни политички одлуки и артикулации. Во таквото претпоставено единство и отелотворена полнотија беше неизбежно насилството и воскреснувањето на знаците на тоталитарната и авторитарна логика. „Тоталната политичка институција на општественото (без медијацијата на мноштвото различни и седиментирани социјални практики и позиции, *моја забелешка*) може да биде единствено резултат на апсолутна семоќна волја, и во тој случај контингентноста на она што е воспоставено – и одовде неговата политичка природа – би исчезнала“.[25]

Ова беше видливо во континуираното делегитимирање на сите активистички обиди за предизвикување на хегемониските поставки на општествениот поредок, поддржани, репродуцирани, засилувани или произведени од владеачкиот политички субјект. Активистите во оние моменти во кои не беа предмет на психичко насилство, понижување и деградација во медиумските хајки кои беа продолжена рака на владеачката партија, беа соголени од политички глас и можност за еднакво и рамноправно учество во демократскиот агонистички простор со тоа што нивниот глас беше фабрикуван во медиумите како ништо повеќе од странска пропаганда, платеничка активност („соросодите“), инфилтрација на надворешните непријатели со цел разединување и уништување на македонскиот народ, израз на себични и егоистични индивидуи без никаква грижа за општеството и нацијата (како на пример жените со нивната борба за „некакви си женски права“), или внатрешен непријател кој сака да поништи сè што е македонско и конститутивно за државата (Албанците во нивната борба за колективните и културни права). Или пак беа неуморно патологизирани и дехуманизирани, а со тоа и соголени од статусот на легитимен човечки актер во политичкиот натпревар (како активистите за правата на ЛГБТИ луѓето). Исполнувајќи го празниот означител на хегемониското обединување со симболите на етносот, народот, нацијата, сите останати форми на општествена организација и идентификација, беа прогласени за минорни, неважни и нелегитимни, односно за политички нерелевантни и површни. Најперверзната стратегија беше целосното игнорирање и одбивањето да се земе воопшто предвид нивниот глас и знаење, како и одбивањето да се седне воопшто на маса и да се разменуваат аргументи. Друго мноштво од примери го вклучуваат политичкиот прогон со монтирани судски случаи на политички противници, цензура или целосно прекинување на поддршка и финансиско потпомагање на уметници и културни работници кои низ својата работа продуцираат поинакви и алтернативни, критички, афективни атмосфери и структури од хегемониските националистички резонанци (како независниот културен сектор и серија критични и социјално ангажирани уметници), вештачки обиди за криминализирање на невладините организации преку испраќање на финансиски полиции и инспектори итн. Во таквата ситуација на присилен консензус и тоталитет, кога „недостасуваат демократските политички борби со кои може да се идентификуваме, нивното место е преземено од други форми на идентификација, од етничка, националистичка или религиозна природа, а опонентот е дефиниран во исти такви термини. Во такви услови, опонентот не може да биде перципиран како противник со кој се натпреварувате, туку единствено како непријателот кој треба да биде уништен“.[26]

Наместо заклучок

Овој обид за промислување на стратегиите на деполитизација на единаесетгодишниот режим на ВМРО-ДПМНЕ би сакал да го завршам со укажување на процепите низ кои се појавија различните форми на отпор и критика, токму како места за повторно трасирање и актуализација на моментот на политичкото, како насоки за идно истражување и анализа.

Многубројните движење и критички гласови во изминативе 12 години сметам дека беа токму израз на политичката желба за повторно креирање и реконфигурација на јавната сцена на појавување на плуралноста, за оркестрирана колективна акција со која повторно се исцртуваа, освојуваа и преозначуваа јавните простори и се перформираше заедницата и мноштвеното „ние“, за креирање на нови форми на живот, идентитетски позиции, сензориуми и отелотворувања на човечкото, за продукција на нови форми на знаења, и афективен и симболички антагонизам со кој се предизвикуваше хегемониската артикулација на народот и битствувањето-заедно. Различните модалитети на политичката желба и страст се манифестираа во колективни организации на пленуми и агори во кои граѓаните од различни слоеви и идентитетски позиции креираа простор за јавно и колективно носење на одлуки и организација на политичкото дејствување и отпор, како и за рефлексија и дебата за различните добра од јавен интерес, како студентските и професорските пленуми,

24 Chantal Mouffe, *The Democratic Paradox,* New York: Verso, 2000, p.101

25 Laclau, *New Reflections on the Revolution of Our Time*, p.35

26 Chantal Mouffe, *The Return of the Political.* London: Verso, 1993, p.6

колективните делиберации и судир на мислења и позиции на агорите за време на протестите против полициска бруталност, во движењето „Протестирам“ итн. Многубројните протести и маршеви во кои се собираа граѓани со различни културни, етнички и национални позадини, и различни социјални и идентитетски позиции претставуваа израз на политичката желба за бивствување-заедно оттаде иманентистичките и комунитарни фигурации на заедницата. Исклучително значајната продукција во рамки на независната културна сцена и критичките естетски и уметнички интервенции понудија алтернативни и антагонистички форми на знаење и значења, субверзивни редистрибуции на видливото, чујното и искуственото, како и ненормативни телесни и афективни асамблажи и атмосфери. „Шарената револуција“ претставуваше недвосмислен израз на нова хегемониска артикулација на симболичкиот и материјалниот простор на заедничкото, нудејќи нов арсенал на празни означители околу кои се инвестираа колективните желби и вкотвувања, раштимувајќи ги искуствата на страв, срам, анксиозност и депресија за да ги реоркестрира во продукција на колективни афекти на радост, гнев и солидарност, притоа перформирајќи ја заедницата преку со-појавувањето на телата на отпор во јавниот простор и улицата кои на тој начин добиваа нова материјална реалност и значенски потенцијал, отворајќи нови можности за практичен и когнитивен анагжман на телата со просторот кој го продуцираат и запоседнуваат.

Растетерувајќи ги хегемониските седиментации во смислата, моќта и заедницата во мноштво домени, историјата на отпорот и критика во изминатa декада нè потсетува дека „ако сè е политичко - во смисла која не е ниту на политичката теологија ниту на политичката економија - тоа е така сè дотогаш додека ‚ништо’ не може да биде ниту тотално ниту подложно на тотализација“.[27]

27 Nancy, *The Truth of Democracy,* p.51

- - -

Користена литература:

Arendt, Hannah. “What is Freedom?” во *Between Past and Future*. New York: Viking Press, 1961

Arendt, Hannah. *The Promise of Politics*. New York: Schocken Books, 2005

Arent, Hana. *Conditio Humana*. Beograd: Fedon, 2016

Brown, Wendy. 2010. *Walled States, Waning Sovereignty*. New York: Zone Books.

Foucault, Michel. 2007. *Security, Territory, Population: Lectures at the Collège de France 1977–1978*. Basingstoke: Palgrave.

Laclau, Ernesto. 1990. *New Reflections on the Revolution of Our Time*. London and New York: Verso.

Laclau, Ernesto and Mouffe, Chantal. 2001. *Hegemony and Socialist Strategies: Towards a Radical Democracy*. New York: Verso.

Laclau, Ernesto. 2005. *On Populist Reason.* New York: Verso.

Lefort, Claude. 1988. *Democracy and Political Theory*. Polity Press: Cambridge, pp. 213-255

Marchart, Oliver. 2007. *Post-Foundational Political Thought - Political Difference in Nancy, Lefort, Badiou and Laclau*. Edinburgh University Press Ltd: Edinburgh

Mouffe, Chantal. 1993. *The Return of the Political.* London: Verso.

Mouffe, Chantal. 2012. *The Democratic Paradox*. New York: Verso.

Nancy, Jean-Luc. 1991. *The Inoperative Community*. University of Minnesota Press: Minneapolis.

Nancy, Jean-Luc. 2000. *Being Singular Plural*. Stanford University Press: Stanford.

Nancy, Jean-Luc. 2010. *The Truth of Democracy*. New York: Fordham University Press.

Nancy, Jean-Luc. 2012. “The Political and/or Politics. 14 March 2012, Frankfurt/M.

Povinelli, A. Elizabeth. 2011. E*conomies of Abandonment: Social Belonging and Endurance in Late Liberalism*. Durham and London: Duke University Press.

Сказни за возрасни: Историските нарати-ви и авторитарните тенденции во совре-мена Македонија

Дарко Стојанов

> “We know from tracing its path that fascism does not require a spectacular ‘march’ on some capital to take root; seemingly anodyne decisions to tolerate lawless treatment of national ‘enemies’ is enough.”
>
> Robert O. Paxton

На љубопитниот читател историјата му нуди редок увид во потенцијалите на човештвото. Со оглед на тоа што иднината не може да се предвиди, минатото станува една голема лектира за тоа кои сме и за што сме способни, ние – луѓето. Речиси безграничен резервоар на човечки остварувања, од оние најсветлите кои ни даваат надеж, до оние најтемните кои нè ужаснуваат и тераат на преиспитување. Оваа благородна научна дисциплина стои рамо до рамо со филозофијата и книжевноста, и иако нејзиниот методолошки пат е различен, сепак честопати споделува слични, ако не и исти, прашања.

Во мај 2008 година, во Виена, занесен во момент на професионална деформација, силен впечаток ми остави еден документарен филм со снимки од посетата на една нацистичка научна експедиција на Тибет, во потрага по изворите и остатоците од аријанската раса. Имено, во 1938 година – истата онаа година кога пред „слепата“ Европа нацистите ги презедоа Судетската област и Австрија, кога ја исценираа „кристалната ноќ“ палејќи ги синагогите низ Третиот рајх – спомнатата група, поврзана со друштвото „Аненербе“ и составена од антрополози, стигна до Средниот Исток со цел „научно“ да го истражи потеклото на аријанската

раса и нејзината врска со Германците. Следеше страствено мерење на черепи и носеви. Зачуден пред врвот на апсурдот приреден во модерниот 20 век, човек сфаќа колку се кршливи сфаќањата за „современата цивилизација“ или пак за „идејата за прогресот“.

Неполни два месеци подоцна се сетив на оваа необична лекција, кога на 11 јули 2008 година забезекнат го гледав свеченият пречек на Газанфар Али Кан, принц на Хунзите, и неговата свита, на аеродромот (малку пред тоа преименуван во) Александар Велики во Скопје. Тогаш разбравме дека нашата македонска „раса“ има свои роднини во Пакистан, далечни потомци на војската на Александар. Се чини дека македонската научна и новинарска експедиција веќе го посетила нивниот регион и дошла до големото антрополошко и историско „откритие“; можеби како огледало на грчките мисии кај соседното племе Калаши преку границата во Афганистан (!). Настрана од патетичниот декор при пречекот во Скопје, кога возрасни и разумни луѓе се преоблекоа во фалангисти и со сета сериозност го пречекаа изгубениот брат кој по 22 века се враќа дома, во тој момент сфатив дека злоупотребата на историјата во Македонија е отидена едно ниво погоре и претчувствував дека тоа што ќе следи ќе биде нешто повеќе од типичните националистички флертувања со минатото.

Од друга страна, во политичките науки веќе нема дилеми – Р. Македонија во време на Н. Груевски беше заробена и полуавторитарна држава; еден вид на „демократура“. Објавените прислушкувани разговори само го потврдија заклучокот. Сите институции неопходни и за практикувањето на демократијата и за функционирањето на системот беа контролирани од еден центар (највисокиот ешалон на партијата ВМРО ДПМНЕ). Како да беа вратени еднопартискиот систем и едноумието. Целосно контролирано судство, полиција, медиуми и потполно корумпирана хиерархија во државните институции, до таа мера да не се распознава дали се работи за партиска или државна структура.

Креирање униформност или дехуманизација на непослушниот

Секоја авторитарна власт има потреба од крајна униформност на граѓанството, односно „сплотеност“ (ако го користиме пофиниот израз) околу нејзиниот водач и нејзината идеологија, со цел различните гласови да бидат угушени или сведени на минимум. Бездруго, постојат бројни, практични и иновативни начини како да се постигне таа цел, за што е доволен поглед во историјата на тоталитаризмите во 20 век за да ни стане појасно. Тоа што, како историчар, ме интересира во овој есеј е прашањето: на кој начин историјата се претвори во алатка на полуавторитарната власт во Република Македонија, на самиот почеток на 21 век? Притоа, под историја не мислам на минатото, туку на секој современ дискурс што претставува поглед кон тоа минато, односно историографијата, политиката на сеќавање, јавните говори, медиумската комуникација и сл.

Во изминатите десетина години, додека урбаниот пејсаж во Скопје постепено добиваше лик на музеј на отворено, истовремено се менуваше и менталниот пејсаж. Од далечното и скорешното минато почнаа да оживуваат ликови кои беа заборавени: нови/стари јунаци, нови/стари предавници, а покрај нив и модерните „антички“ Македонци. Сепак, ниту една од овие категории не беше измислена во тој период. Историографијата во Македонија, како и во поширокото соседство, уште во време на Југославија ја нагласуваше поделбата на правилно

и неправилно ориентирани луѓе, со тоа што во речникот од тоа време можеби поомилени беа „издајниците“ и „петтоколонашите“. Античките Македонци, пак живееја во главите на некои квазиистражувачи во 1990-те години, кои, разбирливо, твореа на маргините од интелектуалната и медиумската сфера. Во времето на режимот на Груевски овие појави беа извадени од заборавот и од маргините и беа помпезно внесени во mainstream медиумскиот простор. Во ретки случаи, дури и во академската фела. МАНУ, на пример, во која инаку твореа некои од најеминентните класичари во регионот, се посрамоти пред целиот свет со наводното дешифрирање на натписот од „Каменот од Розета“. Всушност, „откритието“ дојде од двајца аматери (вљубеници во античката историја) од математичкото одделение, по што филолозите мораа да го негираат и деконструираат случајот. Истовремено, еден од најплодните македонски псевдоисторичари се придружи на, во тоа време, новоотворениот универзитет во Штип, со владина поддршка, по што беа најавени небулозни истражувачки проекти. Широката јавност, пак доби можност да се запознае со една историска тема, синтетизирана во научна публикација, која во блиската иднина се покажа како мошне корисна – „Предавствата и атентатите“ во македонската историја. Постепено, во периодот од 2006 до 2009 година, во јавната сфера во Македонија се градеше еден нов дискурс во кој минатото сè повеќе беше дел од политичките настапи на политичарите. На средина од тој период, се случи и големата фрустрација од „Букурешт 2008“ (која како да се надоврза на онаа од конфликтот од 2001 година), а која дел од политичарите и интелектуалците, мошне умешно, ја поврзаа со онаа од „Букурешт 1913“. Избликот на гнев и разочараност кај голем дел од населението во Македонија се покажа корисен за владеачката гарнитура која ја засили својата националистичка реторика со цел да ја зголеми популарноста кај гласачите. Патот кон засилена демонстрација и практикување на моќта беше отворен, а еден од главните ориентири на тој пат стана историјата.

Една од карактеристиките на градењето униформност и послушност во тој период, настрана од исклучително важниот феномен на клиентелизмот кој не е предмет на овој есеј, беа партиските кампањи за поистоветување на партијата со народот и/или со државата. ВМРО-ДПМНЕ требаше да стане синоним за „вистинскиот“ Македонец, а поинаквите ориентации беа исклучени од ова ексклузивно „национализирано“ партиско семејство. Сите оние кои има поинаква лојалност, или пак поинаква визија за општеството, беа претворени во Другиот, во сосема негативна конотација – беа етикетирани како „предавници“, „шпиони“, „комуњари“, „соросоиди“, „изроди“ итн. Партијата на власт во толкава мера го интензивираше ова стигматизирање и овој дискриминирачки дискурс, што македонското општество е сè уште длабоко поделено на непријателски табори, дури и на штета на пријателските и семејните релации. Во годините на распламтување на националистичките страсти, важна улога имаше и злоупотребата на историјата.

Можеби највпечатлив во насока на градење униформност беше, и сè уште е, проектот „Скопје 2014“, којшто го претвори центарот на главниот град во историски тематски парк. Со типот на споменици и градби/фасади, со нивната фрекфенција и димензии, но и со начинот на поставување, проектот во себе носи силни пораки за надворешна и внатрешна политичка употреба. На домашно ниво, настрана од дебатите за естетската (не)вредност, спомениците на „Скопје 2014“ ја изнесуваа на виделина наводно затскриената, заборавената или негираната славна историја на македонскиот народ, од антиката до денес. Во време на сложени меѓународни односи, кога од страна на соседните држави на

Република Македонија и нејзините граѓани и беа (и сè уште се) негирани името, јазикот и црквата, а згора на тоа и интеграцијата во некои стратешки важни меѓународни институции, оживувањето на историјата требаше да му даде утеха на разочараниот Македонец. Или поскоро требаше да го фрли во прегратките на неговиот заштитник – популистичката и конзервативна партија на власт. Проектот има голема моќ за политичка мобилизација, но и за разграничување меѓу одделни групи во општеството. Едноставно, требаше да се сфати дека оние кои ја сакаат Македонија сиурно го сакаат и „Скопје 2014“, и следствено, оние кои не го сакаат „Скопје 2014“ сигурно не ја сакаат ниту Македонија. Со своето примордијално и есенцијализирано сфаќање за нацијата, со својата исклучивост по родова и етничка основа, со својот анахронизам, и со инхерентните митови што ги носи во себе, проектот секако стои во контрадикција со сите современи историографски концепти, но тоа не беше пречка да добие поддршка од бројни историчари. Можеби токму затоа што во себе не содржи повеќеслојност и амбивалентност, проектот е всушност уште поблизок до голем број загрижени граѓани, кои имаат потреба да слушнат „X е наш“, „Y е вечна “, или „отсекогаш било така“, наместо „сложено е“. Оние кои не се согласуваа со тој поглед на минатото, и кои не беа придвижувани од националниот патос и националистичкиот кич, беа гледани со сомнеж. Во таквиот „или-или“ момент, оние кои одбраа да не жртвуваат на олтарот на историјата, ризикуваа да бидат исклучени од „македонштината“, односно да станат „изроди“.

Слична претстава за минатото, но многу поинтензивна во своите пораки, се среќава и во новиот „Музеј на македонската борба“, кај дел од граѓаните познат и како „музејот на ВМРО“ заради партиското влијание и визија кои се вградени во него. Тематската нишка која преовладува во неговата поставка од, главно, восочни фигури и современи слики, е онаа за страдањата и жртвата на македонскиот народ низ историјата, додека, пак, дидактичката е онаа на емоционален шок. Посебно место во таа смисла имаше т.н. „интерактивна поставка“ во која, со помош на одлични актери и сценографија, но ужасно сценарио, посетителите можеа лично да присуствуваат на мачењата и егзекуциите на македонските патриоти кои паднале во рацете на клетите непријатели од соседството. Всушност, спомнатиот музеј не е само приказ на мрачното минато, туку, можеби несвесно, е и повик за мрачна иднина. Човек оттаму излегува со гнев кон луѓе кои не постојат и со траума од настани кои никогаш не ги доживеал. Овој феномен, и покрај својата ирационалност, е сепак моќно орудие во рацете на власта. Инсистирањето на историја на страдања, на митот за виктимизација, е доста успешно во мобилизацијата на граѓаните преку поигрување со атавистичките емоции на толпата. Крајната улога на таков тип на музеј е создавање на еден ментален пејзаж во кој сите архетипни непријатели се оживеани, а посетителот влегува во улогата на жртва на злите намери на разни странски и домашни непријатели. Во еден таков пејсаж многу лесно и многу јасно се оцртуваат силуетите на „предавниците“ и „изродите“.

Нормализација на културата на насилство

Се разбира, во контекст на материјалната визуелизација на национализираната историја за која зборуваме, малку е тешко да се замисли како би изгледал спомениkот на предавникот – притоа, не некој конкретен човек со име и презиме, туку поскоро еден апстрактен лик. Навистина би било интересно да се види уметничко решение за оваа дилема. Затоа, пак, во една бинарна логика

многу е полесно, а со сличен ефект, да се претстави спротивниот лик – оној на уништувачот на предавници и изроди. Така, една убава септемвриска ноќ Скопје доби и споменик на еден „професионален“ убиец, Андон Лазов Јанев – Ќосето, или уште познат и како „Касапот“. Иако, до моментот на поставувањето овој историски лик беше непознат за поголемиот дел од јавноста, доста брзо тој се претвори во еден од симболите на авторитарното владеење, а неговиот кобен прекар стана составен дел од политичките говори и скандирања. Во времето на неговото поставување македонската јавност веќе беше длабоко поделена, а двојството „патриоти“ и „предавници“ секојдневие. Локацијата на споменикот, како и неговата визуелна замисла, говорат за неговата симболичка функција во полуавторитарното и поделено општество. Ќосето беше претставен со строг поглед, со засукани ракави, вооружен до хиперболизација, и во еден став кој наговестува дека следи дејствието по кое станал познат во историјата, а на кое се дразнат дел од македонските граѓани. Згора на тоа, тој беше поставен веднаш до судовите во центарот на градот, асоцирајќи на правда; или, поскоро, на партиската патриотска „правда“ која е повисока од институционалната и е врвен морален чин. Всушност, некои политичари и историчари ја убедуваа јавноста дека Ќосето не е контроверзен лик бидејќи убивал по налог на организацијата во која членувал, а која се борела за слободна Македонија. Меѓутоа, на тој начин, не само што не го оправдаа ликот и делото на Ќосето, туку ја легитимираа идејата дека убиство за исправна кауза е посакуван чин. Во таа насока, посебно се истакнуваат и политичките говори, особено оние од екот на политичката борба околу парламентарните избори во 2016 година, кога ликот на Ќосето беше сосема јасно користен како смртна закана за политичките ривали и неистомисленици. Така, од говорницата во Делчево Н. Груевски нагласи: „ Јас ќе му кажам. Да беше Делчев денеска жив, тој немаше да може со него да се поздрави, на него ќе му беше пратен само Ќосето да ја заврши приказната со таков човек“, сугерирајќи им на своите поддржувачи дека неговиот главен ривал е всушност предавник и дека заслужува да биде убиен. Малку потоа, во Скопје, проф. д-р В. Божиновска, претседателка на „Комисијата за односи со верските заедници“: „... и гневот македонски. Да ги поздравам бранителите, ги гледам ветераните од Куманово, од Прилеп, од Свети Николе. Ме прашуваат ‚Што се случува, Валентина?’ Велам ‚Оваа вечер е вечер на ножевите. Оваа вечер е вечер или на разумот или на лудилото на еден човек, на последниот македонски предавник Зоран Заев’. Драги браќа Македонци, велат Јуда Искариотски се појавува во секоја историја на еден народ“, како и „Ќе се случи еден ден во кој ќе кажеме ‚елате браќа и сестри да се собереме и тргнеме, да видиме кој ќе ни биде цар, а кој шпион’. Да знае и Чичаковски и Дума оваа вечер со два куршума ги убиваат и Гоце и Ченто“. Истата вечер, од говорот на еден друг политичар и актер: „Простете ми, не сакам ни името да му го спомнувам, Заев е симбол на ѓавол, на предавништво, на изрод“, а кон тоа цитирајќи и поезија „Кога човек ќе изгуби право на смеа, да биде умен, да дели правда, ... Тогаш му останува правото да убива во мака“. Во толпата, пак, ечеа извици „Ќосето е жив!“.

Овие случаи на говор на омраза се всушност само мал дел од еден поширок феномен на нормализација на насилството во Република Македонија, а во кој и една националистичка визија на историјата имаше свое значајно место. На едно практично ниво, хронологијата на партиски организирано насилство против неистомислениците, и тоа често во јавниот простор, беше започната многу поодамна. Во март 2009 година студентите по архитектура кои протестираа против изградбата на црква на главниот плоштад во Скопје беа нападнати од организирана група пред очите на пасивната полиција. Никој не беше осуден за инцидентот. Ретроспективно, овој настан беше само најава на долгата

низа напади, меѓу кои: полициското упад во А1 телевизија во 2010, насилното исфрлање на опозициските пратеници и новинарите од Собранието во декември 2012, нападот на општина Центар во јуни 2013 (за кои подоцна јавноста имаше можност да го слушне тогашниот премиер како планира детали од нападот и нарачува конкретни акти на насилство) итн. Во тој контекст, упадот и насилството во Собранието на Република Македонија, на 27 април 2017 година, воопшто не изненадува. Без оглед на деталите за неговото планирање, тој сепак е врвот на една долга историја на насилство. Таа, пак, остави свое наследство кое го преживеа падот на полуавторитарната власт во јуни 2017 година – насилниот екстремизам.

Имено, во 2016 година, во екот на политичката криза во Македонија, кога престолот на Груевски се нишаше, започна еден нов тренд – формирање на т.н. македонски патриотски организации, коишто се први официјално регистрирани здруженија кај кои историјата и насилството заемно се испреплетуваат. Секоја од овие групи го носи името на еден македонски национален херој од 19 и 20 век, меѓу нив, секако, и Ќосето. Во еден јавен говор пред Собранието тие прочитаа заедничка декларација во која се истакнува дека во тековната политичка криза, којашто ја перцепираат како погубна за државата и македонскиот народ, тие се подготвени да ги користат сите достапни ненасилни и насилни средства.

Заклучок

Неодамнешното искуство од Република Македонија покажува дека историјата може да биде многу корисна алатка за полуавторитарните и авторитарните режими. Користејќи ја вешто, преку политика на сеќавање, јавен дискурс и историографска и медиумска продукција, таа може да им помогне во процесот на раздвојување на послушните од непослушните и да даде покритие за угнетувањето на вториве. Во Македонија беше создаден пејсаж во кој историјата е оживеана, вечните душмани сè уште демнеат зад секој агол, а ликот на предавникот сè уште постои и е поактивен од кога било. Наместо благородна наука, историјата беше претворена во тиранин.

На полуавторитарната власт ѝ требаше историјата за да создаде филтер низ кој ќе се двои „доброто“ од „лошото“, „патриотите“ од „изродите“, низ кој првите ќе се држат во постојана напнатост во служба на татковината, а вторите во постојана напнатост поради страв од реперкусии. Притоа, не само што власта ќе обезбеди легитимитет за своите политики, туку ќе обезбеди и легитимитет за насилството над оние другите. Во очите на „патриотите“, реперкусиите, замолчувањето или насилството над „предавниците“ се оправдани чинови, затоа што служат за повисока цел – опстанок на нацијата. Во овој механизам, историскиот наратив има важна улога, тој го гради амбиентот, ги утврдува улогите, го утврдува моралот. Конечно, го дразни егзистенцијалниот страв и инстинктот за преживување и воедно е повик за акција.

Да се бид(н)е или не

Влора Речица
Миша Поповиќ

> “If thought corrupts language, language can also corrupt thought. A bad usage can spread by tradition and imitation even among people who should and do know better.”
>
> George Orwell, 1945

Првите слободни и повеќепартиски избори во Македонија се одржаа во 1990 година, со учество на 18 политички партии. Како здруженија кои се стремат кон усвојување на власта, политичките партии го уредуваат политичкиот и јавниот живот во Република Македонија. Во 2016 година, по деветти пат во историјата на независна Македонија се одржаа парламентарни избори. Со тоа што лидерите на политичките партии заземаа централна улога внатре во партиите, нивниот лик стана партијата. Овој текст ги истражува механизмите кои политичките лидери ги користат за да ги убедат граѓаните во нивната визија. Прво, се осврнува на партиите како доминантен ракурс на политичкиот светоглед, второ на исклучувачките наративи, за на крај да даде конкретни примери од јавниот дискурс за време на предизборната кампања за парламентарните избори во 2016 година и референдумот за Договорот со Грција. Политичките партии како главен актер на политичката сцена, влијаат во консензусот или длабоката поделеност на граѓаните. Нивниот дискурс е често алатка за креирање на јавното мислење и неговата злоупотреба води кон монополизација на политиката и политичките нарации.

Партиите како доминантен ракурс на политичкиот светоглед

Политичките партии во Република Македонија претставуваат најзначајниот актер кој го движи политичкиот живот во земјата. Тие располагаат со значителни ресурси, особено кога се на власт, со кои обезбедуваат послушност од другите актери, како на пример граѓаните и бизнисите. Материјалниот механизам со кој ја обезбедуваат оваа своја позиција претставува клиентелизмот.

Клиентелизмот претставува непрограмски однос помеѓу патронот (во случајот партијата) и клиентот (да речеме граѓаните), каде првиот обезбедува некаков ресурс во замена за послушност од вториот.[1] Клучното во оваа дефиниција претставува непрограмската димензија на односот, со што клиентелистичката размена на ресурси се разликува од универзалната дистрибуција, каде граѓаните имаат пристап кон услугите благодарение на системско владеење, а не припадност во клиентската мрежа. Оттука, клиентелизмот е, или се манифестира во партикуларен начин на владеење, каде од особена важност за секојдневното живеење претставува припадност во определена потесна група на чиј врв седи естаблишмент кој распределува определени ресурси.


Во Македонија клиентелизмот се забележува во перцепциите, но и во очекувањата и праксата на секојдневниот живот на граѓаните. Така, 14% од граѓаните на Македонија имаат побарано услуга од политичка партија за да решат некаков проблем.[2] Ова сугерира дека голем број на граѓани кои на некоја партија „ѝ должат“ и во еден момент ќе биде потребно да ѝ вратат некоја услуга. Дополнително, широко е распространета перцепцијата, односно очекувањето дека вработувањето е партиски одредено. Така мислат 72% од граѓаните.[3]

Ваквото очекување, дека правилата на игра зависат „од чија си“, е важна одредница за политичкото однесување на поединците. Во секојдневниот живот тие се прилагодуваат на овие правила на игра, бидејќи тие функционираат и им помагаат во нивните животни стратегии. Тоа им дава висок капитал на политичките партии како актери, кои располагаат со ресурси кои се корисни, но пред сè, потребни за секојдневниот живот на поединците.

Меѓутоа, иако клиентелизмот е материјалниот механизам за обезбедување на лојалноста потребна за монополизирање на политиката, тој не е единствениот механизам, туку е пропратен со политички дискурс кој го обликува светогледот на поединците. Задачата на овој политички дискурс е да создаде наративи за секојдневието кои се основа за оправдување на начинот на владеење. Или уште поконкретно, политичкиот дискурс има за задача да го уредува поимањето на општествените промени кои настануваат низ времето, без разлика на постабилни вредносни, идеолошки, класни или етнички позиции.

Во истражување на односот кон општествените промени во југоисточна Европа, во 2013 година, користејќи мултиваријантна анализа на кореспонденции врз вредносните ставови на испитаниците, се издвојуваат две димензии на ориентации.[4] Првата најдоминантна димензија е оската помеѓу традиционални и секуларни ставови. На неа се покажуваат разделувањата помеѓу испитаниците низ односот кон религијата, важноста на групите и моралните вредности во општествениот живот. На втората оска се разликите околу приоритетите во животот, како важноста да се биде богат или влијателен.

Тоа што е веднаш забележливо е дека освен неколку изразени вредности, не постои особено видливо групирање и разделување на вредносни системи по дадените оски. Напротив, постои релативна конверзија и збиеност на вредностите. Но уште повеќе, доколку на графикот ги погледнеме проекциите за тоа на која политичка партија се симпатизери испитаниците, се гледа дека иако постојат разлики, сите се блиску до тежиштето. Тоа укажува дека на вредносно ниво, политичките партии споделуваат релативно слични симпатизери.



Меѓутоа, состојбата е сосема различна тогаш кога испитаниците се прашани да ги оценат општествените промени во изминатите 20 години. При оценките дали партиската плуралност, демократијата, секојдневниот живот, патот кон ЕУ, приватизацијата и меѓусебните односи се подобрени во однос на социјализмот, забележени се три групи на одговори - генерално позитивни евалуации (означени со 1), генерално негативни (означени со 3) и оценки кои се наоѓаат некаде помеѓу

1 Piattoni Simona, *Clientelism, Interests, and Democratic Representation: The European Experience in Historical and Comparative Perspective,* Cambridge University Press 2001; Kitschelt Herbert and Wilkinson I. Steven, Patrons, *Clients and Policies: Patterns of Democratic Accountability and Political Competition*, Cambridge University Press 2007; Kopecký, P., Mair, P. and Spirova, M. (eds.), *Party Patronage and party Government in European Democracies,* Oxford University Press, 2012; Susan Stoke et al., *Brokers, Voters, and Clientelism: The Puzzle of Distributive Politics,* Cambridge Studies in Comparative Politics, 2013

2 ИНФОРМ анкетно истражување 2017


3 Ibid.

4 Cvetichanin, Predrag, Misha Popovikj, and Jasmina Nedeljkovic. “Who Likes This Change? Perception and Evaluation of Socio-Economic Changes in Western Balkan Societies.” In *A Life For Tomorrow: Social Transformations in South-East Europe,* edited by Predrag Cvetichanin, Ilina Mangova, and Nenad Markovikj, 278. Skopje: Institute for Democracy “Societas Civilis” Skopje, 2015

(означени со 2). Во средина се проектираните вообичаени социо-демографски карактеристики, како образование, приходи и занимање.

Тоа што е забележливо дека социо-демографските карактеристики се (практично) подеднакво блиску, односно далеку, до сите три групи на евалуации. Тоа укажува дека не постои класично сфатена општествена група, како на пример класа, која со своето искуство или идеолошки позиции е специфично блиску до некој од трите различни светогледи кон скорешниот историски развој на земјата. А промените се значителни, од промена на политички, до промена на економски систем.

Меѓутоа, доколку се проектираат партиските симпатии на испитаниците, ќе се увиди дека тие се добри одредувачи на светогледот. Симпатизерите на политичките партии (тогаш) на власт имаат позитивни евалуации додека оние кои ја поддржуваат (тогаш) опозицијата имаат негативни.



Ваквата состојба ја покажува состојбата на наративна и материјална поделеност на искуството и светогледот на политичкиот живот управуван од партиите. Таа е производ на отежнатиот пристап до општествените ресурси и нарација на таа голема неправда од една страна. Од друга страна стои нешто полесниот пристап и решавање на проблеми преку партикуларизам и нарација на успех потребна да се оправда таа состојба.

Исклучувачки наративи

Оваа поделеност не е само поделеност на светогледот каде различните табори имаат дивергентни интерпретации за тоа што се случува. Таквата поделеност, која станува сè поприсутна и во развиениот свет нема масовни импликации за пристапот на поединците кон општествените добра и правото на демократско управување. Актуелниот отворен конфликт помеѓу симпатизерите на Демократите и оние на Републиканците, од друга страна на пример, не е толку директно врзан со реперкусии по секојдневниот живот на поединците. Припадноста во едниот или другиот камп нема директен ефект по пристапот до права и можности. Промените, позитивни или негативни, имаат номинално универзален ефект во оваа смисла, односно зависат од други карактеристики како класа, род, етничка припадност и слично.

Од друга страна, во Македонија, припадноста кон политичките групи има опипливи реперкусии по секојдневниот живот за голем дел од граѓаните. За определени групи на луѓе, пристапот честопати зависи од пристапот до членови на политички партии кои можат да посредуваат во добивање соодветни услуги, како на пример здравствени услуги. Тоа е значајна специфика на поделеноста во Македонија.

Оттука, ваквата состојба на исклученост мора да најде свое оправдување низ различни дискурзивни практики. Овие практики имаат за задача да креираат наративи кои ќе креираат значење за исклучувачката пракса како основа за оправдувањето. Последица на ова се различните светогледи, односно оценки за тоа што се случува во општеството.

Оваа состојба секако не е линеарна причинско-последична ситуација. Доминантната положба на политичките партии не е однапред оправдана низ ваквата дискурзивна пракса. Значењето и оправдувањето на поделеноста или исклучувањето е резултат на паралелно ползување и на дискурс и на материјален интерес, но во многу случаи дури и неопходност за да се биде „лојален“ кон одредена интерпретација.

Меѓутоа, кога се зборува за дискурзивното поле, тогаш исклучувачките наративи во дисфункционалната демократичност на политичките процеси, во голема мера се резултат на две стратегии: тотализација и секуритизација. Преку тотализација се постигнуваат два главни ефекти. Првиот е дека креаторот на политичките наративи се претставува себеси како главен наратор и некој што го контролира значењето на колективот. Од ова произлегува вториот ефект, а тоа е исклучувањето, односно одредувањето кој, и зошто е надвор од колективот. Секуритизацијата пак, им дава на нараторите оправдување за исклучување.

Тотализирачкиот дискурс има за цел да го дефинира политичкото тело и да ги одреди неговите интереси. Ваквото поимање нè носи кон дефиницијата

на Антонио Грамши за хегемонична политичка сила која станува таква тогаш кога „ги презентира сопствените интереси како израз на колективната волја“. Низ различни наративни инструменти, оваа политичка сила ги брише границите помеѓу себе и народот, станувајќи препознатливиот, но уште повеќе единствен глас на заедницата.

Целта е, преку ваквата дискурзивна пракса, да се создаде јасна слика за Другиот, оној кој е надвор од политичкото тело. Дури во оној момент кога политичките противници ќе се исклучат од тоа да бидат легитимни, или автентични членови на заедницата, се создаваат претпоставките за да се оправда дискриминаторската пракса. Така, во политичките конфликти во земјата, беше потребно да се поделат таборите на автентични и предавници. На тој начин, симболичкото одземање на местото во заедницата, нивното мапирање како Другиот, понатаму ги одредува (и оправдува) реперкусиите по поединецот.

Еден таков пример на наратив претставува Доктрината на ВМРО-ДПМНЕ. Во неа, наспроти „левичарскиот“ мит за „новиот“ е спротивставен „реалниот човек.“ Уште на самиот почеток, со ова се воспоставува вредносна разлика помеѓу двата концепти. Антоним на „новиот“ не е „постојниот“, туку „реален“ со што на спротивната страна се имплицира нереалниот, односно неавтентичен граѓанин.

Во понатамошниот текст на Доктрината се забележува јасна асоцијација помеѓу личноста и нацијата, притоа велејќи дека „Македонецот е патриот“ и дека „без нација и национална свест нема еманципација од последиците на егоизмот.“ Ова ја отежнува позицијата на граѓаните кои се чувствуваат поинаку, оние кои не чувствуваат особена потреба да се изразат патриотски, или уште повеќе се критични кон националните наративи. Притоа на личноста ѝ се имплицира субјективност сè додека нејзините постапки остваруваат национални интереси. Во исто време, реторички се игнорира флуидноста на колективниот (национален) интерес, кој е резултанта на наративите на политичките актери кои имаат ресурси да се претставуваат како негови гласноговорници. Истовремено, се одзема можноста таа да е заинтересирана за колективно делување во помали групи, туку нацијата станува најтесната заедница преку која се остварува човековото чинителство.

Овој пример јасно го покажува нацртот врз база на кој во периодот на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ беа врамени процесите на тотализирачки дискурс и исклучување. Преку директната зависност на опстанокот на личноста од националните интереси, беа креирани оправдувања за дискриминаторските процеси против жените, хомосексуалците, етнички другите, политичките противници и сите оние кои „стоеа на патот“ на националните интереси.

Нивниот грев беше тоа што имаа поразлична визија или за себе или за заедницата. Жените имаа(т) за задача физички да ја репродуцираат нацијата. Хомосексуалците беа наспроти традиционалниот карактер на „реалниот човек“, а политичките противници мешетареа наспроти националниот интерес.

Така, хомосексуалноста стана увезена категорија од странство, за да може да се мапира како неавтентичен дел од националното политичко тело. Жените кои не раѓаа тоа го правеа поради нивниот хедонизам и желба за кариера, за да се засили нивната позиција наспроти повисоки колективни интереси. На политичките противници им беше одземено чинителството и нивните активности означени како однадвор платена сила (на пример Џорџ Сорос) за да се избрише автентичната плуралност на политичкото делување во рамки на националното тело.

Притоа, тоа што е неодминливо поврзано на оваа пракса е процесот на секуритизација. Со овој инструмент, одредено прашање се означува како безбедносно за да се оправда определено решение.

Делувањето на овие „противници“ беше врзувано со митот за „да се биде или не.“ Заканата од пропаста на нацијата поради активностите на групи, или индивидуи беше внимателно конструирана и искористувана. „Белата чума“ беше производ на модерното живеење означено преку изменетите родови релации, и видливоста на хомосексуалците. Опасноста од недонесување на буџетот за 2013-та година беше безбедносната закана за да се исфрлат пратениците на опозицијата.

Овие процеси во текстот што следи ќе ги опишеме со два дополнителни примери. Првиот пример се однесува на реториката употребена во периодот по изборите во 2016-та година, кога се подготвуваше новата владина коалиција потребна за определување на ново парламентарно мнозинство. Вториот пример е дебатата околу името, особено непосредно пред референдумот во септември 2018-та година.

Тоа што ќе го покажеме е како низ реторички формулации поврзани со мапирање на неавтентичноста на актерите, низ тотализирачки дискурс и низ определување на надворешна закана, се креираа наративите кои симболички требаше да ги оправдаат настаните кои ги следеа овие два периода. Првиот е 27-ми април 2017 година, кога имаше насилен упад во Собранието при изборот на новиот Претседател, Талат Џафери. Вториот е исходот од референдумот, односно дел од наративите кои требаше да го оправдаат бојкотот или да го поттикнат изјаснувањето со гласање.

Политички наративи во јавниот дискурс во Македонија

По изборите во декември 2016 година, политичката криза доби нова димензија. Стана извесно дека ВМРО-ДПМНЕ ќе биде сменето од власт, па беше потребно да се создадат услови кои ќе ја отежнат промената. Низ процесот на секуритизација, или трансформирањето на објекти и субјекти на политички процеси во безбедносно прашање, требаше да се создаде оправдување за активностите против промена на власта.

Новата владина коалицијата, ДУИ, Движење БЕСА и Алијанса на Албанците со СДСМ и коалиција, беше реализирана под претпоставката дека СДСМ ги прифатила барањата на албанските партии преку нивната платформа. Таа платформа, попозната како „Тиранската платформа“ меѓу нејзините противници, често во јавниот дискурс беше претворена во безбедносно прашање, или прашање на „да се биде или не“. Претседателот на државата, Ѓорѓе Иванов, во негова изјава за австрискиот дневен весник „Винер Цајтунг”, изјавува дека „Тиранската платформа е директно мешање и загрозување на независноста на Република Македонија“, со тоа вметнувајќи во јавниот дискурс дилема за сигурноста на државата.

> “Тиранската платформа е директно мешање и загрозување на независноста на Република Македонија, а содржинските барања не се само политички опасни, туку се и противуставни, вели претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, во интервју за австрискиот дневен весник „Винер Цајтунг”.

„Која европска држава би прифатила платформа на туѓа држава, да биде основа за создавање на Влада кај неа. Ако се загрозува независноста на државата, и ако државата се доведува во подредна состојба и зависност од друга држава, тоа кај нас е казниво дело", вели претседателот Иванов..[5]

На иста линија во јавниот дискурс се постави и тогашниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски. Неговата изјава за дневникот „Вечер", беше во линија на трансформирање на политички процес во безбедносно прашање за Македонија, наведувајќи дека платформата на албанските партии води кон „федерализација на земјата."

„Тој документ води кон федерализација на земјата, таа платформа не е од сега, таа е од многу порано, но сега најдоа човек кој сака да си ги прикрие криминалите и ќе прифати секакви платформи за да дојде на власт. Промена на името и водење кон бинационална држава и федерализација е она што е утврдено во платформата и тоа е она што сака да го направи СДСМ".[6]

Истиот став беше споделен и преку проглас на партијата во декември, 2016 година. Во следниот говор, тогашниот претседател на ВМРО-ДПМНЕ го чита прогласот на партијата, кој исто така индиректно во јавниот дискурс вметнува идеја на закана за унитарноста на државата.

"ВМРО-ДПМНЕ нема да прифати и нема да дозволи кантонизација и редефинирање на државата под какви било услови или какви било околности."

Во февруари, 2017 година, Никола Груевски, преку фејсбук пост го сподели својот став за можната коалиција на СДСМ со албанските политички партии, под услов прифаќање на платформата на албанските партии. Можната коалиција, преку неговиот пост беше трансформирана во закана за унитаноста и сигурноста на Македонија.[7]

„Основната причина за целата операција за рушење на власта и носење на Зоран Заев е слабеење на државата со цел промена на името и идентитетот на Македонците. Тоа е главната и основна причина заради која е започната операцијата за рушење на ВМРО од некои надворешни центри. Овој процес може да донесе и до губење на државата."

„Двојазичноста е секундарната цел. По двојазичноста ќе започнат подготовки и за кантонизација како следна цел. Чекор по чекор."

Груевски, исто така во неговиот пост, дел од политичкото тело во Македонија, го третира како Другиот, кој се бори против Македонија.

„Кога државата е нападната, само народот може да ја одбрани. Не можат само политичарите, особено кога еден дел од нив се борат за заштита, а друг дел се на спротивната страна."

Целта на оваа беше да се создаде страв кај граѓаните од промените во најава. Преку мапирање на противниците како предавници, кои работат за разнебитување на државата, се создаваа предуслови за масовен отпор кон промената на власта. Преку конструирање на наратив на закана, постепено се определуваа методите кои треба да

5 http://www.president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/vo-mediumite/4634-wiener15042017.html

6 https://vecer.mk/http%3A//vecer.mk/node/331906

7 https://goo.gl/8HqpvX

се применат. Во ситуација на закана, колективната активност се стесни кон единствено решение на проблемот.

Така, на 27-ми април, при изборот на Талат Џафери за претседател, дискурзивната рамка низ која претходните месеци се опишуваше политичката „реалност", се материјализираше во насилниот упад во Собранието. Настрана организираната насилна група, во Собранието влегоа и граѓани кои не неопходно биле свесни за целиот план, но упадот во институцијата несомнено го гледаа како единствено решение на проблемот. Во такви услови, при единствено решение, се создаде обид за оправдување на упадот.

Дискурсот на секуритизација се користеше и за прашањето на Договорот со Грција и што ратификувањето и имплементирањето на истиот значи. Првиот пример кој ќе го искористиме како показател на трансформиање на објекти и субјекти од политички процеси како безбедносно прашање е изјавата на Претседателот на Република Македонија, Ѓорѓе Иванов. Во неговата изјава, Иванов го означува Договорот со Грција како штетен за македонскиот народ.

„Го повикувам македонскиот народ да не се плаши. Чувајте го, негувајте го нашиот вековен идеал на непокорот. Нема да ме поколебаат со притисоци, уцени и закани. Нема да поддржам ваков штетен договор", порача Иванов.[8]

Во иста линија е и Димитар Апасиев, член на Президиумот на Левица. Апасиев во една од неговите колумни го претставува референдумското прашање и прифаќањето на Договорот со Грција како чекор кон самоукинување на македонскиот народ.

„На 30 септември 2018 година, доколку граѓаните не сакаат да бидат соучесници на туѓи агенди и платформи и доколку тие достоинствено одбиваат правно да се самоукинат, најдобро е тоа неделно попладне воопшто да не излезат на ова наместено референдумско гласање."[9]

Следната изјава, од аналитичарот Исмет Рамадани, го претвора прашањето на Договорот со Грција за безбедносно прашање, со тоа што вметнува во јавниот дискурс елементи на заплашување за сигурноста и мирот на државата, доколку не се оди по одреден пат.

„Албанците ќе бидат коректни во целиот процес, но ако не успее овој Договор и ако ги загубиме сите шанси за НАТО и ЕУ, тогаш не гарантирам за коректноста на Албанците во нивното однесување понатаму. Ако не успееме да влеземе во НАТО и ЕУ може да се случи еден крстопат, нешто друго што нема врска со демократски процеси, евроатлански процеси", изјави Исмет Рамадани за емисијата Отворено на Алфа ТВ.[10]

На оваа линија е и следниот говор на премиерот на Република Македонија. Прашањето на спорот Косово-Србија, се претвори во безбедносно прашање за повеќе држави во регионот. Истото прашање, се трансформираше во прашање на сигурност и од премиерот на РМ, каде имплицираше дека случувањата во Косово ќе се прелеат во Македонија и затоа е добро Македонија да се осигура.

"...но ова е сериозен сигнал, макар биде некоја шеста или Ш опција, да ја обезбедиме Македонија, да ја обезбедиме

8 https://netpress.com.mk/ivanov-nema-da-potpisam-steten-za-zemjata-licen-dogovor-na-zaev-i-dimitrov/

9 http://respublica.edu.mk/blog/2018-08-31-07-56-50

10 https://pogled.mk/ismet-ramadani-ako-ne-uspee-referendumot-mozhno-e-albantsite-da-trgnat-po-drug-pat/

Македонија, да ни биде на суштина... осигурена и обезбедена и да ги исполни своите планови и очекувања на своите граѓани.“[11]

Во текот на периодот пред референдумот, наративите на секуритизација беа користени за да се креира состојба во која граѓаните беа ставени на избор околу сопствената сигурност. Апелот на закана требаше да ги засили чувствата на неизвесност и со тоа ја одреди важноста на прашањето. И на двете страни тие беа искористени за да се намали, односно ограничат опциите на решение. Од една страна, Договорот од Преспа беше претставуван како директно укинување на нацијата, па истомислениците беа наративно доведени во состојба на безизбор, односно избор помеѓу решение и ништовност. Од другата страна, наративот на безбедносна закана од Косово и потенцијалното одвојување на Албанците по евентуалниот неуспех на решение на спорот, требаше да доведе до сличен резултат на спротивната страна. Овие наративи, наспроти наративите на позитивните придобивки од решението на спорот, требаше да доведат до поедноставен избор помеѓу решение и граѓански конфликт или поделба.

Да се биде или не

Тотализирачките дискурси и секуритизацијата употребувани во доминантните политички наративи претставуваат стратегија на монополизација на политичкото. Низ низа наративни инструменти, се обезбедува намалување на изборот. Граѓаните, како субјекти во политиката се доведени да мислат дека нема поинакво решение. Меѓутоа, за разлика од судирот на аргументи на повеќе опции, секуритизацијата игра клучна улога во обезбедување дека спротивставеното решение значи директна, честопати лична несигурност на поединецот. Токму ова овозможува своевидна предвидливост.

Во македонската политика честопати се користи токму „да се биде или не“ наративот. Македонската политичка историја (онаа денес, онаа во минатото и онаа од иднината) е претставена како крстосница во која едниот правец неодминливо води кон провалија. Успешноста на оваа стратегија е водена од способноста на доминантните политички актери целосно да го наметнат светогледот кон реалноста. Припадноста во политичките табори е единствениот сигурен предвидувач на тоа како ќе се гледаат и оценуваат општествените случувања. Вредносниот профил, класната или етничката припадност се сè уште неиздиференцирани карактеристики кои би им помагале на поединците да ги одредат своите стојалишта.

Напротив, зависноста на поединците од блискоста кон политичките партии е клучниот фактор на општествената поделеност. Сè додека припадноста има директни импликации кон секојдневниот живот на поединците, политичките актери се способни да го сведат изборот на „да се биде или не“. Политичкиот дискурс и наративите кои произлегуваат се тука како „олеснувачи“, односно овозможуваат оправдување на дисбалансот во кој луѓето се наоѓаат.

11 https://telma.com.mk/top-tema-na-vasha-strana-town-hall-debata-so-premierot-zoran-zaev-i-vitsepremierite-shekerinska-i-osmani-25-09-2018/

Како згасна довербата во медиумите во Македонија

Жанета Трајкоска
Бојан Георгиевски

Бастион на јавниот интерес или алатка на политичарите?

Медиумите во Македонија во текот на изминатите години се соочуваат со долга низа на предизвици и проблеми во своето функционирање. Ниските плати за новинарите, политичкиот притисок врз уредниците, поделеноста во нивната уредувачка политика се само дел од проблемите кои секојдневно ги мачат медиумите во државата. Од друга страна, бројот на новинари и други медиумски професионалци во редакциите континуирано се намалува, а медиумите вработуваат „поевтин" работен кадар. Како резултат на ова, редакциите не се доволно стручни и професионални, а новинарите ретко се обучени да препознаат пропаганда и манипулација. Во таква ситуација, медиумите се приморани да се прилагодуваат на општествените околности. Во такви околности, „спинингот" и извртувањето на вистината за нив е сосема прифатливо.[1]

Во текот на владеењето на претходната власт, се сметаше дека поголемиот дел од најгледаните телевизиски медиуми имаа „провладина" уредувачка политика, а мал број медиуми беа сметани како „критички настроени", односно дека не се плашеа да ги критикуваат политиките на тогашната владејачка структура.[2]

Сопственоста на медиумите во Македонија беше исто така предмет на дискусија во јавноста во изминативе неколку години. Повеќе медиуми кои дисеминираа говор на омраза и непроверени информации во јавниот дискурс немаа наведено информации за својата редакција.

1 Жанета Трајкоска, *Карактеристики и значење на спинингот во креирањето на медиумската реалност и неговото појавување во Македонија,* докторска дисертација (во ракопис), одбранета на Правен Факултет, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје 2014

2 Бојан Георгиевски, Жанета Трајкоска, Дејан Андонов, *Здружени за промени: враќање на владината отчетност преку граѓански протести*, Институт за комуникациски студии, Скопје 2016

Во истражувањето кое го спроведе „Медиа Педиа“ (2014) впрочем беше откриено дека дел од овие медиуми биле делумно во сопственичтво на политичари или на нивни роднини. Концентрацијата на сопственоста во приватните медиуми во рацете на политичарите ја загрозува разновидноста и плурализмот на медиумите. Од друга страна, во текот на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, најголем огласувач во македонските медиуми беше токму Владата на Република Македонија. Дискутабилното сопственичтво на медиумите, заедно со стремежот за профит од владини реклами влијаеше врз уредувачката политика на овие медиуми, вклучително и врз таа на јавниот радиодифузен сервис. Медиумите, од бастиони на јавниот интерес, се претворија во алатки за пропаганда секогаш достапни на власта.

Слободниот пад на слободниот говор во Македонија

Повеќе истакнати меѓународни организации во тој период ја вбројуваа Македонија меѓу оние земји кои имаат недозволиво ниски слобода на медиумите и слободен говор. Од 2009 година, кога беше рангирана на 34-то место во рангирањето на „Репортери без граници“ во однос на слободата на медиумите, Македонија бележи драстичен пад во повеќе слични ранг листи. Во истото рангирање за 2014 година, Македонија падна на 124-то место.

